# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 13 Год. LXVI Понеделник, 1 февруари 2010 Цена на овој број е 250 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 220. | **Уредба** за Методологија за утврдување на вредноста на станот, како и Методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена........................................................ | 2 |
| 221. | **Уредба** за утврдување на критериуми за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки.................................. | 31 |
| 222. | **Одлука** за давање согласност на почетен износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции во опсегот 3,4-3,6 Ghz (WiMAX).............. | 35 |
| 223. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија......................................................... | 35 |
| 224. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на национални установи од областа на културата.......................................... | 35 |
| 225. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за правда - Управа за водење на матични книги................. | 36 |
| 226. | **Одлука** за давање согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за работната 2010 година.......... | 37 |
| 227. | **Одлука** за давање согласност на Програмата за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за 2010 година........................... | 38 |
| 228. | **Одлука** за давање согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија за 2010 година........................................... | 38 |
| 229. | **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Секретаријатот за законодавство......... | 38 |
| 230. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар – објект на Министерството за транспорт и врски.......................................... | 38 |

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 231. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општините за потребите на основните училишта во Република Македонија | 39 |
| 232. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје за потребите на СУГС „Зефљуш Марку“ | 45 |
| 233. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за правда – Управа за водење на матични книги | 46 |
| 234. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за правда – Управа за водење на матични книги | 47 |
| 235. | **Програма** за изградба и реконструкција на средни училишта за 2010 година | 50 |
| 236. | **Програма** за изградба и реконструкција на основни училишта за 2010 година | 52 |
| 237. | **Оглас** од Судскиот совет на Република Македонија | 54 |
| 238. | **Одлука** за измена на Одлуката за каматните стапки на Народната банка на Република Македонија | 54 |
| 239. | **Одлука** за измена на Одлуката за референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнената камата | 54 |
| 240. | **Одлука** за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија | 55 |
| 241. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши Народната банка на Република Македонија | 55 |
| 242. | **Упатство** за примена на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија | 56 |
| 243. | **Упатство** за изменување на Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи | 57 |
| 244. | **Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата | 59 |
| 245. | **Правилник** за начинот, условите и постапката за разрешување на спорови коишто настанале меѓу вршителите на енергетските дејности и корисниците на енергетски дејности, како и висината на надоместокот за трошоците за разрешување на спорот | 60 |
| 246. | **Тарифен систем** за електрична енергија | 62 |
| 247. | **Исправка** на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување | 66 |
| 248. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата | 67 |
| 249. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата | 67 |
| 250. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата | 68 |
| 251. | **Решение** од Комисијата за заштита на конкуренцијата | 68 |
| | **Огласен дел** | 1-60 |

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**220.**

Врз основа на член 65 став 3 од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/09) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.2010 година донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТАНОТ, КАКО И МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА, ВИСИНАТА НА НЕПРОФИТНАТА ЗАКУПНИНА, НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗАКУПНИНАТА, ПРОСТОРНИТЕ НОРМИ, НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СТАНОТ, ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕПРОФИТНИ СТАНОВИ, СТАНОВИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ, ЗА ПРИВРЕМЕН ЗАКУП И ЗАКУПОТ НА СТАНОВИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНА НАМЕНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува Методологијата за утврдување на вредноста на станот, како и Методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена.

### I. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТАН

Член 2

(1) Вредноста на станот се утврдува врз основа не следните критериуми: оддалеченост од централно градско подрачје, локација на објектот, обезбедена комунална и друга инфраструктура, катност на објектот, број на станбени единици во објектот, структура на станбена зграда, материјал од кој е изграден објектот, опременост на станот и енергетска ефикасност на објектот.

(2) Критериумите, материјалот од кој е изграден објектот, опременоста на станот и енергетска ефикасност на објектот ја определуваат градежната вредност на станот.

(3) Градежната вредност на станот, големината на станот, височината на зградата, местоположбата на станот во зградата (катност), ориентацијата на станот по однос на страните на светот (инсолација), структура на станбената зграда (број на станбени единици во објектот), амортизацијата, трошоци за уредување на градежно земјиште (обезбедената комунална и друга инфраструктура), местоположба на станот (оддалеченост од централно градско подрачје), локација на објектот (погодности на локацијата) и земјиштето, ја определуваат вредноста на станот изразена во бодови на начин утврден во Образец 1 за утврдување за вредноста на становите, кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на оваа уредба.

Член 3

(1) Вкупниот број на бодовите за градежната вредност (ГВ) на станот се утврдува според: видот на станбената зграда, типот на конструкција, употребените градежни материјали, степенот на финална обработка, опременоста на станот и истиот се пресметува на начин утврден во Образец 2 за утврдување на градежната вредност на станот изразена во бодови за 1м2, кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на оваа уредба.

(2) Ако некој од вградените материјали или уреди во станот не е опфатен со Образецот 2 од став 1 на овој член, бодирањето се врши на следниот начин:

1. За позиции кои учествуваат во вредност на станот со количини (м, м2 или м3):

- вкупната вредност на таа позиција се дели со вредноста на бодот, а добиениот количник се дели со вкупната површина на станот со што се добива број на бодови по м2 за таа неопфатена позиција.

2. За позиции кои учествуваат во вредност на станот со парче:

- вредноста на таа позиција по парче се дели со вредноста на бодот, а добиениот количник се дели со вкупната површина на станот, а потоа се множи со бројот на парчиња, со што се добива број на бодови по м2 за таа неопфатена позиција.

Член 4

(1) Коригирана градежна вредност на станот изразена во бодови (КГВ) е производ од Градежната вредност на станот (ГВ) утврдена во Образец 2 односно член 3 став 2 од оваа уредба и вкупниот корекционен коефициент (ВКК).

(2) Градежната вредност на станот (ГВ) утврдена во Образец 2 за утврдување на градежната вредност на станот изразена во бодови, од член 3 на оваа Методологија се коригира со вкупно корекциони коефициенти (ВКК) кој претставува збир на коркциони коефициенти по основ на: големината на станот, катност на објектот - височината на зградата, местоположбата на станот во зградата, ориентацијата на станот во однос на страните на светот (инсолација), структура на станбената зграда и број на станбени единици во објектот, амортизацијата, и се добива коригирана градежна вредност на станот (КГВ).

(3) Во зависност од големината на станот на утврдениот број на бодови за градежната вредност на станот според Образец 2, се додава еден од следните корекциони коефициенти (КА):

| | |
|---|---|
| до 35 м2 | коефициент (КА) 0,03 |
| од 36 до 45 м2 | коефициент (КА) 0,01 |
| од 46 до 65 м2 | коефициент (КА) 0,00 |
| од 66 до 85 м2 | коефициент (КА) -0,01 |
| преку 86 м2 | коефициент (КА ) -0,03 |

(4) Во зависност од височината на зградата на утврдениот број на бодови за градежната вредност на станот според Образец 2, се додава еден од следните корекциони коефициенти (КБ):

| | |
|---|---|
| до П + 2 + ПК | коефициент (КБ) 0,00 |
| до П + 4 + ПК | коефициент (КБ) -0,01 |
| до П + 9 + ПК | коефициент (КБ) -0,02 |
| повисоки од П + 9 + ПК | коефициент (КБ) -0,03 |

(5) Во зависност од местоположбата на станот во зградата (катност) на утврдениот број на бодови за градежната вредност на станот според Образец 2, се додава еден од следните корекциони коефициенти (КВ):

| | |
|---|---|
| сутерен | коефициент (КВ) -0,10 |
| приземје | коефициент (КВ) - 0,02 |
| ПР + КАТ | |
| (за едностанбени објекти) | коефициент (КВ) 0,01 |
| од I -IV КАТ | коефициент (КВ) 0,04 |
| од V-VIII КАТ | коефициент (КВ) 0,03 |
| од IX -X КАТ | коефициент (КВ) 0,00 |
| од XI -XIII КАТ | коефициент (КВ) -0,03 |
| од XIV - XV КАТ | коефициент (КВ) -0,05 |
| над XV КАТ | коефициент (КВ) -0,08 |
| поткровје и мансарда | коефициент (КВ) -0,10 |

(6) Во зависност од ориентацијата на станот во однос на страните на светот (инсолација), на утврдениот број на бодови за градежната вредност на станот според Образец 2, се додаваат следните корекциони коефициенти (КГ):

| | |
|---|---|
| север | коефициент (КГ) 0,00 |
| запад | коефициент (КГ) 0,01 |
| исток | коефициент (КГ) 0,02 |
| југ | коефициент (КГ) 0,03 |

(7) За стан со повеќе ориентации коефициентот се пресметува како средна вредност од основните оретации.

(8) Во зависност од структура на станбената зграда на утврдениот број на бодови за градежната вредност на станот според Образец 2, се додава еден од следните корекциони коефициенти (КД):

| | |
|---|---|
| за едностанбени објекти | коефициент (КД) 0,00 |
| за повеќестанбени објекти: | |
| над 4 стана | коефициент (КД) -0,01 |
| над 10 стана | коефициент (КД) -0,02 |
| над 20 стана | коефициент (КД) -0,03 |
| над 30 стана | коефициент (КД) -0,04 |

(9) Во зависност од староста на станбената зграда, на утврдениот број на бодови за градежната вредност на станот според Образец 2, се додава еден од следните корекциони коефициенти (КЃ):

1. За објекти од бетон, бетон и метал, камен или тула до 10 години старост и за објекти од дрво и метал до 5 години старост стапката на амортизација е 0%, односно КЃ изнесува 0.

2. За објекти од бетон, бетон и метал, камен или тула над 10 години старост и за објекти од дрво и метал над 5 години старост корекциониот коефициент (КЃ) се утврдува како производ од годините на старост на станот (сметано календарски) намалени за годините за кои не се засметува амортизација, и една од следните годишни стапки на амортизација (ГСА) во зависност од видот на материјалот од кој е изграден објектот:

| | |
|---|---|
| - од бетон, бетон и метал, камен или тула | ГСА = - 0.01 |
| - од метал | ГСА = - 0.02 |
| - од дрво и друг материјал | ГСА = - 0.03 |

3. За објекти од бетон, бетон и метал, камен или тула корекциониот коефициент (КЃ) не може да биде повеќе од - 0,30.

4. За објекти од метал корекциониот коефициент (КЃ) не може да биде повеќе од - 0,40.

5. За објекти од дрво и друг материјал корекционионот коефициент (КЃ) не може да биде повеќе од - 0,50.

Член 5

Бројот на утвредните бодови за градежната вредност (ГВ) и корегираната градежна вредност (КГВ) од член 3 и 4 на оваа уредба се зголемува за трошоци за уредување на градежно земјиште - обезбедената комунална и друга инфраструктура (ТУГЗ) според процентот на надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден во Програмата за уредување на градежно земјиште за локалитетот на кој се наоѓа станбениот објект, изразени во бодови според Образецот 1 од член 2 на оваа уредба.

Член 6

(1) Во однос на местоположбата на станот од центарот на Градот Скопје, односно центрите на Општините каде што се наоѓа станот, вкупниот број на бодови според Образецот 1 од член 2 на оваа уредба, се зголемува и за бројот на бодовите добиени како производ од коефициент за местоположба (КМ) за утврдени зони и број на бодови по м2 за трошоци за уредување на градежно земјиште (ТУГЗ).

(2) Коефициентите за местоположба (КМ) изнесуваат:

| | |
|---|---|
| - за утврдена зона 1 | коефициент (КМ) 0,05 |
| - за утврдена зона 2 | коефициент (КМ) 0,04 |
| - за утврдена зона 3 | коефициент (КМ) 0,03 |
| - за утврдена зона 4 | коефициент (КМ) 0,02 |
| - за утврдена зона 5 | коефициент (КМ) 0,01 |
| - надвор од зонски план | коефициент (КМ) 0 |

Член 7

Вкупниот број на бодови според Образецот 1 од член 2 на оваа уредба се зголемува и за вкупен број на бодови пресметани за погодности на локацијата (ПЛ), а претставува збир на бодови за секој објект пооделно, кој се наоѓа во близина на станот до оддалеченост од 1000 метри. и тоа:

| | |
|---|---|
| -трговски центри | ........ 5 бода |
| -супер маркети | ........ 5 бода |
| -маркети | ........ 5 бода |
| -клинички центри | ........ 5 бода |
| -поликлиники | ........ 5 бода |
| -ургентни центри | ........ 5 бода |
| -амбуланти | ........ 5 бода |
| -високообразовни институции | ........ 5 бода |
| -средни школи | ........ 5 бода |
| -основни школи | ........ 5 бода |
| -градинки | ........ 5 бода |
| -меѓуградски јавен превоз | ........ 5 бода |
| -железнички превоз | ........ 5 бода |
| -градски јавен превоз | ........ 5 бода |
| -спортски центри | ........ 5 бода |
| -игралишта | ........ 5 бода |

Член 8

Збирот на бодовите од корегираната градежна вредност (КГВ), трошоци за уредување на градежно земјиште (ТУГЗ), местоположба на станот (МС) и погодности на локацијата (ПЛ), претставува основна вредност на станот (ОВС).

Член 9

Вкупниот број на бодови според Образецот 1 од член 2 на оваа уредба се зголемува и за бодовите за вредност на земјиштето (БВЗ), кое е определено со градежната парцела со урбанистичка документација, или земјиште кое е под зграда каде што не е определена градежна парцела со урбанистичка документација, а се утврдува на следниот начин:

- за земјиште во сопственост, основната вредност на станот се зголемува за коефициент за земјиште (КЗ) 0,02 и

- за земјиште во долготраен закуп, основната вредност на станот се зголемува за коефициент за земјиште (КЗ) 0,001.

Член 10

Збирот на бодовите за основна вредност на станот (ОВС) и бодовите за вредност на земјиштето (БВЗ), претставува вкупен број на бодови (ВББ) за 1 м2 стан.

Член 11

Вкупната вредност на станот (ВВС) се добива како производ од вкупниот број на бодови за еден 1 м2 стан (ВББ), вкупната површина на станот и вредноста на бодот.

Член 12

Вредноста на бодот (ВБ) изнесува 0,46 евра во денарска противвредност пресметан по среден курс на Народна банка на Република Македонија.

## II. МЕТОДОЛОГИЈА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА НА СТАН И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА ЗАКУПНИНАТА

Член 13

Висината на закупнината на стан, висината на непрофитната закупнина, висината на закупнината за користење на стан под закуп за службени потреби, висината на закупнината за користење на стан за времено сместување со привремен закуп, и начинот на плаќање на зкупнината за стан, се определува како процент од вредноста на станот утврдена согласно Методологијата за утврдување на вредноста на станот пропишана со оваа Уредба, а се пресметува на начин утврден во Образец 3 за утврдување на висината на закупнината на станот, кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на оваа уредба.

Член 14

Висината на закупнината на годишно ниво, не може да биде пониска од 2%, од вредноста на станот од член 2 на оваа уредба.

Член 15

Висината на непрофитната закупнина, по исклучок од член 14 од оваа уредба, изнесува 1.8% на годишно ниво од вредноста на станот определена во член 2 од оваа уредба.

Член 16

(1) Висината на закупнината за користење на стан под закуп за службени потреби на годишно ниво, изнесува 2% од вредноста на станот од член 2 од оваа уредба.

(2) Доколку станот е опремен, закупнината за користење на стан под закуп за службени потреби на годишно ниво изнесува 2,6% од вредноста на станот од член 2 од оваа уредба.

Член 17

Висината на закупнината за користење на стан за времено сместување со привремен закуп, на годишно ниво изнесува 2% од вредноста на станот од член 2 од оваа уредба.

Член 18

Корисникот на станот е должен закупнината согласно склучениот договор за закуп на стан да ја плаќа на сметка на закуподавачот најдоцна до 15-ти во тековниот месец.

Член 19

Доколку корисникот на станот користи право на субвенционирање на закупнината, истата треба да се плати најдоцна до 15-ти во тековниот месец.

## III. ПРОСТОРНИТЕ НОРМИ ЗА СТАНБЕНА ПОВРШИНА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕПРОФИТНИ СТАНОВИ, СТАНОВИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ, СТАНОВИ ЗА ПРИВРЕМЕН ЗАКУП И СТАНОВИ ПОД ЗАКУП ЗА ОПРЕДЕЛЕНА НАМЕНА

Член 20

(1) Закуподавачите при доделување на непрофитни станови и станови за привремен закуп, ги користат следниве просторни норми за станбена површина:

| Број на членови на домаќинството | Површина на становите |
|---|---|
| еден член | од 20м2 до 25м2 |
| два члена | над 30м2 до 40м2 |
| три члена | над 40м2 до 45м2 |
| четири члена | над 45м2 до 55м2 |
| Пет члена и над пет члена | над 55м2 до 65м2 |

(2) За секој дополнителен член на домаќинството површините кај долната и горната граница се зголемуваат за 6м2.

(3) Закуподавачите можат да издаваат под закуп помали или поголеми станови, доколку корисникот се согласи со тоа.

(4) Просторните норми за станбена површина од став 1 на овој член, се користат и како основа при пресметка на субвенциите за закупнината.

(5) Одредбите од став 4 на овој член, не се однесуваат на инвалидни лица или семејно домаќинство со член со инвалидитет, на кои им е отежнато или попречено нормалното движење, каде се користат површините од став 1 на овој член, зголемена за 10м2.

Член 21

(1) Станови во сопственост на Република Македонија кои се издаваат под закуп за привремено решавање на станбените потреби на лица избрани и именувани за вршење на јавни и други функции утврдени со Уставот и закон и на лица вработени во државните органи кои вршат посебни должности неопходни за остварување на основната функција на органот, доколку нивното место на живеење е одалечено најмалку 30 км од местото каде што ја извршуваат функцијата, а во тоа место немаат сопствен стан без право на откуп на станот, се станови за службени потреби.

(2) Стан на користење под закуп на лицата од став 1 на овој член се доделува врз основа на писмено барање кое содржи:

- функција на кое е избрано, именувано или назначено лицето;
- лична изјава дека не поседува стан во лична сопственост или под закуп во местото на вршење на функцијата и
- согласност од министерот односно раководното лице на органот на државната управа каде лицето ја врши функцијата.

(3) Корисникот на стан под закуп од став 1 на овој член е должен во рок од 15 дена по престанокот на функцијата на која е избран, именуван или назначен по било кој основ, да го врати станот на закуподавачот.

(4) Просторните норми за становите од став 1 на овој член, не смеат да бидат помали од просторните норми за станбена површина утврдени во член 20 став 1 од оваа уредба.

Член 22

(1) Становите со определена односно посебна намена, се делат на:

- станови со заедничка употреба на санитарен јазол и кујна;
- станови со сопствен санитарен јазол и заедничка употреба на кујна и
- станови со сопствен санитарен јазол и мини кујна.

(2) Просторните норми за становите од став 1 алинеа 1 на овој член се намалуваат за површина од 10м2 од просторните норми за станбена површина утврдени во член 20 став 1 од оваа уредба.

(3) Просторните норми за становите од став 1 алинеа 2 на овој член се намалуваат за површина од 6м2 од просторните норми за станбена површина утврдени во член 20 став 1 од оваа уредба.

(4) Просторните норми за становите од став 1 алинеа 3 на овој член се намалуваат за површина од 4м2 од просторните норми за станбена површина утврдени во член 20 став 1 од оваа уредба.

## IV. НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СТАНОТ

Член 23

(1) Заради заштита на станбените згради, закупците се должни за време на користењето на станот да се придржуваат на одредбите од Законот за домување и нормите и стандардите за домување во станбената зграда пропишани со подзаконски акт.

(2) Закупците за време на користење на станот треба редовно и навремено да ги исполнуваат обврските од договорот за закуп на станот а особено:

- редовно да ја плаќаат закупнината за користење на станот;

- редовно да ги плаќаат трошоците за испорачана електрична енергија, вода, греење, телекомуникации и други комунални надоместоци што произлегуваат од користењето на станот и

- да ги надоместат трошоците за поправки на станот кои настанале како последица од неправилно односно недомаќинско користење на станот.

## V. ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕПРОФИТНИ СТАНОВИ, СТАНОВИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ, ЗА ПРИВРЕМЕН ЗАКУП И ЗАКУПОТ НА СТАНОВИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНА НАМЕНА

### Член 24

(1) Доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена се врши врз основа на јавен оглас.

(2) По исклучок од став 1 на овој член, јавен оглас не се објавува кога закуподавачите имаат овластување да разрешуваат прашања од областа на домувањето во случај на рушење на станбен објект или стан за реализација на објекти од јавен интерес, санација или реконструкција на станбен објект, при елементарни или други несреќи и епидемии, времено сместување на лица во социјален ризик и други ранливи групи кои не се станбено обезбедени, лица кои посебно се истакнуваат во одделни области и со активностите оствариле значаен придонес за општината односно за Република Македонија, избрани и именувани лица за вршење на јавни функции и други лица утврдени со посебен акт на Владата, како и за лица вработени во државни органи кои вршат посебни должности неопходни за остварување на основната функција на органот. Закуподавачите без јавен оглас, а по претходно мислење од Центарот за социјална работа, можат да доделат непрофитен стан за времено сместување и на семејно домаќинство, чија времена преселба е неопходна заради заштита на интересите на децата. Времено сместување се определува согласно прописите од областа на социјалната заштита.

(3) Јавниот оглас од став 1 на овој член го објавува сопственикот на станот (во натамошниот текст: закуподавач).

(4) Во јавниот оглас закуподавачот може да определи две или повеќе категории на лица да имаат првенствено право за доделување на непрофитен стан под закуп.

(5) Јавниот оглас се објавува во најмалку два дневни печатени јавни гласила.

### Член 25

Огласот за доделување на станови од член 24 став 1 од оваа уредба содржи:

1. Утврдени категории на лица со првенствено право за доделување непрофитни станови под закуп;
2. Локацијата каде што е изграден станот;
3. Број на расположливи станови со преглед на станови наменети за распределба по огласот (големина, структура, катност и адреса на станот);
4. Критериуми по кои ќе се врши распределба на становите;
5. Потребна документација која барателот на стан треба да ја приложи кон барањето;
6. Рок за поднесување на барањата кој не смее да биде помал од 15 дена и
7. Висина на просечна закупнина за станови, што се предмет на огласот, заедно со условите кои што овозможуваат непрофитна закупнина и субвенционирање на закупнината.

### Член 26

(1) За доделување на стан под закуп лицето поднесува барање. Во прилог на барањето, лицето за себе и за сите полнолетни членови на неговото семејно домаќинство, ја приложува следната документација:

1. Уверение за државјанство;
2. Уверение за жителство;
3. Извод од матичната книга на венчаните или доказ за раскинување на брачниот статус;
4. Извод од матичната книга на родените за сите членови на семејното домаќинство на барателот;
5. Уверение за платени даноци издадено од даночни органи во општината;
6. Уверение за евидентиран – запишан недвижен имот, издадено од Агенција за катастар на недвижности;
7. Копија од важечката лична карта;
8. Потврда од Агенција за вработување за статус на работен однос;
9. Изјава заверена на нотар за валидноста на поднесените документи од страна на барателот;
10. Изјава заверена на нотар дека барателот, неговиот брачен другар и сите членови на неговото семејно домаќинство на територијата на Република Македонија, немаат стан, куќа или куќа за одмор во нивна сопственост. За членовите на семејното домаќинство кои не се полнолетни изјава дава родителот, неговиот законски застапник или старателот;
11. Докази за сите исплатени нето плати/приходи за период од 12 месеци пред денот на објавувањето на огласот;
12. Изјава дека барателот не живее со родители или со роднини;
13. Документација за трајна зависност од инвалидска количка или трајна потреба за помош од друго лице, во случај кога се однесува за инвалидни лица;
14. Друга документација побарана во огласот со која се докажуваат социјалните или здравствените околности и
15. Изјава за сите намирени обврски, доколку барателот веќе користи/користел непрофитен стан под закуп.

(2) Лицето барањето за доделување на стан под закуп со потребната документација го доставува до закуподавачот кој го објавува огласот, во затворен коверт со назнака „Не отварај“.

(3) Барањето со непотполната документација се отфрла како неосновано, а барањето доставено по истекот на рокот утврден во огласот не се разгледува.

Член 27

(1) Постапката за доделување на стан под закуп ја спроведува комисија формирана од страна на закуподавачот на станот.

(2) Комисијата од став 1 од овој член се состои од претседател на комисијата и четири члена.

(3) Постапката по огласот се спроведува согласно одредбите од Законот за општа управна постапка.

Член 28

(1) Комисијата од член 27 на оваа уредба, треба во рок од 30 дена по завршувањето на огласот да изготви прелиминарни ранг листи на пријавени кандидати, на кои им се доделува стан под закуп и на пријавени кандидати чии барања се одбиени.

(2) Врз основа на прелиминарните ранг листи, Комисијата врши увид на лице место на местата на живеење на барателите, рангирани во прелиминарната листа со предност за доделување на непрофитни станови под закуп по огласот.

(3) Комисијата врз основа на увидот од лице место и вреднување на критериумите за оценување при доделување стан под закуп, утврдени во Образец 4 кој е даден во Прилог 4 и е составен дел на оваа уредба, изготвува конечни ранг листи.

(4) Врз основа на изготвените конечни ранг листи од став 3 на овој член, закуподавачот донесува решение согласно закон.

Член 29

(1) Доделувањето на стан под закуп се врши врз основа на следните критериуми:

- станбен статус;
- квалитет на живеење;
- квадратура по лице во станот;
- функционалност на станот;
- број на членови во домаќинството;
- одвоено живеење;
- здравствени параметри;
- заедници на млади, млади;
- зедница со поголем број на деца;
- инвалидизирани лица и семејно домаќинство со инвалидно лице;
- приход во заедницата од пресметаната просечна нето плата во земјата, под максимално дозволен лимит за заедницата;
- баратели со подолг работен стаж од 15 години;
- баратели истакнати во струката и од значење за државата и општината;
- жртви на семејно насилство во заедница и
- категории на баратели со предност.

(2) Вреднување на критериумите за оценување при доделување стан под закуп, се утврдени во Образецот 4.

Член 30

(1) Закуподавачот, врз основа на Решението за доделување на стан под закуп, го известува лицето кое добило право за закуп на стан во рок кој неможе да биде подолг од 30 дена, да склучи договор за закуп на стан. Договорот за закуп на стан се склучува на определено време.

(2) Доколку лицето кое добило право за закуп на стан не се јави во рокот определен во известувањето за склучување на договор за закуп на стан, ќе му биде поништено решението за доделување на стан под закуп.

(3) Решението за доделување на стан под закуп нема да се поништи, доколку лицето кое добило право за закуп на стан поради оправдани причини не се јавило во рокот определен во известувањето за склучување на договор за закуп на стан.

(4) Под оправдани причини во смисла на став 3 од овој член се сметаат кога лицето поради болест, смртен случај и елементарна непогода било спречено да се јави во рокот определен во известувањето за склучување на договорот за закуп на стан.

Член 31

(1) Во случај кога се појавуваат нераспределени станови, согласно оваа уредба, становите се доделуваат под закуп по повторно распишан јавен оглас, освен доколку на јавниот оглас не се јавни ниту еден барател.

(2) Доколку на јавниот оглас не се јави ниту еден барател, закуподавачот објавува јавен оглас за прибирање понуди за доделување станови под закуп на определено време и со пазарна закупнина.

(3) Во случаите од став 2 на овој член, станот се доделува под закуп на определено време од една година, при што по истекот на една година се повторува јавниот оглас за доделување станови под закуп.

Член 33

Закуподавачот во рамки на своите можности, врз основа на барање од закупецот, може да изврши замена на станот даден под закуп, при што, во согласност со потребата за замена на закупецот на стан, се води сметка за станбената површина, локацијата на станот, положбата на станот на спратот, висината на закупнината и другите трошоци за користење на станот.

Член 34

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба престанува да важи Уредбата за начинот, условите и постапката за доделување под закуп на станови во сопственост на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/99 и 101/05).

Член 35

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-6675/1
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

# ПРИЛОГ 1

------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------

ШТЕМБИЛ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ШТО ГО

ПОПОЛНУВА ОБРАЗЕЦОТ

| | |
|---|---|
| **ШИФРА НА СТАНОТ:** | |
| **ПРИЛОГ:** | ОБРАЗЕЦ 1 |
| **ПРИЛОГ:** | ОБРАЗЕЦ 2 |

# П Р Е С М Е Т К А

## ЗА ВРЕДНОСТА НА СТАНОТ

СКОПЈЕ ____________ ГОДИНА

ОБРАЗЕЦ 1

# О Б Р А З Е Ц 1

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА НА СТАНОВИТЕ

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАНОТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **СОПСТВЕНИК НА СТАНОТ:** | |
| 2 | **КОРИСНИК НА СТАНОТ:**<br>(Име и Презиме) | |
| 3 | **АДРЕСА НА СТАНОТ:** | |
| 4 | **ТЕХНИЧКИ БРОЈ НА ЗГРАДА:** | |
| 5 | **НАСЕЛБА / ОПШТИНА** | |
| 6 | **ГОДИНА НА ГРАДБА:** | |
| 7 | **ПС = ПОВРШИНА НА СТАН (М2):**<br>ПС = (Нето површина на стан со редуцирани површини )<br>**Нето површина за станот се добива врз основа на збир на корисната површина на просториите помножени со следните коефициенти:**<br>Станбени простории , 1,0<br>Лоѓии затворени од 3 страни, 0,4<br>Подлоѓии затворени од 2 страни, 0,3<br>Тераси, балкони, 0,2<br>Помошни простории, 0,5 | |

## 1. ПАРАМЕТРИ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ВЕРДНОСТ НА СТАНОТ

### 1.1. ГРАДЕЖНА ВРЕДНОСТ (ГВ)

**ГРАДЕЖНА ВРЕДНОСТ НА СТАН ПРЕСМЕТАНА ВО ОБРАЗЕЦ 2**

**ГВ = ______ БОДОВИ / М$^2$**

### 1.2. КОРЕГИРАНА ГРАДЕЖНА ВРЕДНОСТ (КГВ)

| КОРЕКЦИОНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ БОДОВИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **А.** | **КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ОД ГОЛЕМИНАТА НА СТАНОТ - (КА)** | | | | | |
| | 1 | ДО | 35 М2 | | 0,03 | |
| | 2 | ОД | 36 - 45 М2 | | 0,01 | |
| | 3 | ОД | 46 - 65 М2 | | 0,00 | |
| | 4 | ОД | 66 - 85 М2 | | -0,01 | |
| | 5 | НАД | 86 М2 | | -0,03 | |
| | | | | | **КА =** | |
| **Б.** | **КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ВИСОЧИНАТА НА ЗГРАДАТА - (КБ)** | | | | | |
| | 1 | ЗГРАДА ДО П + 2 + ПК | | | 0,00 | |
| | 2 | ЗГРАДА ДО П + 4 + ПК | | | -0,01 | |
| | 3 | ЗГРАДА ДО П + 9 + ПК | | | - 0,02 | |
| | 4 | ЗГРАДИ ПОВИСОКИ ОД П + 9 + ПК | | | - 0,03 | |
| | | | | | **КБ =** | |
| **В.** | **КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД МЕСТОПОЛОЖБАТА НА СТАНОТ ВО ЗГРАДАТА (КАТНОСТ) - (КВ)** | | | | | |
| | 1 | СУТЕРЕН | | | -0,10 | |
| | 2 | ПРИЗЕМЈЕ | | | -0.02 | |
| | 3 | ПР + КАТ (за едностанбени објекти) | | | 0,01 | |
| | 4 | ОД I - IV КАТ | | | 0,04 | |
| | 5 | ОД V - VIII КАТ | | | 0,03 | |
| | 6 | ОД IX - X КАТ | | | 0,00 | |
| | 7 | ОД XI - XIII КАТ | | | -0,03 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 8 | ОД XIII - XV КАТ | | -0,05 | |
| | 9 | НАД XV КАТ | | -0,08 | |
| | 10 | ПОТКРОВЈЕ И МАНСАРДА | | -0,10 | |
| | | | | КВ = | |
| Г. | **КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ВО ЗАВИСНОСТ ОД ОРИЕНТАЦИЈАТА НА СТАНОТ ПО ОДНОС НА СТРАНИТЕ НА СВЕТОТ (ИНСОЛАЦИЈА) - (КГ)** | | | | |
| | 1 | СЕВЕР | | 0,00 | |
| | 2 | ЗАПАД | | 0.01 | |
| | 3 | ИСТОК | | 0.02 | |
| | 4 | ЈУГ | | 0.03 | |
| | * | За стан со повеќе ориентациикоефициентот се пресметува како средна вредност од основните орентации | | | |
| | | | | КГ = | |
| Д. | **СТРУКТУРА НА СТАНБЕНА ЗГРАДА (КД)** | | | | |
| | 1. | ЕДНОСТАНБЕНИ ОБЈЕКТИ | | 0,00 | |
| | 2. | ПОВЕЌЕСТАНБЕН ОБЈЕКТИ | | | |
| | 2.1 | над 4 | | -0.01 | |
| | 2.2 | над 10 | | -0.02 | |
| | 2.3 | Над 20 | | -0.03 | |
| | 2.4 | Над 30 | | -0.04 | |
| | | | | КД = | |
| Ѓ. | **АМОРТИЗАЦИЈА (КЃ)** | | | | |
| | 1 | За објекти од бетон, бетон и метал, камен или тула до 10 години старост | | 0,00 | |
| | 2 | За објекти од дрво и метал до 5 години старост | | 0,00 | |
| | 3 | ОБЈЕКТИ НАД 10 ГОДИНИ СТАРОСТ | | | |
| | 3.1 | Годишна стапка на амортизација (ГСА) за објекти од бетон, бетон и метал, камен или тула | | -0.01 | |
| | 3.2 | Годишна стапка на амортизација (ГСА) за објекти од метал | | -0.02 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 3.3 | Годишна стапка на амортизација (ГСА) за објекти од дрво и друг материјал | | -0.03 | |
| | 4 | ГОДИНИ НА СТАРОСТ (ГС) | | | |
| (ГС-10) х ГСА = КЃ | | | | КЃ = | |
| КА + КБ + КВ + КГ + КД + КЃ = | | | | ВКК = | |

КГВ = ГВ х ВКК **КГВ = ____ БОД/М²**

## 1.3. ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ (ТУГЗ)

**X =** ОСНОВИЦА ПО КОЈ СЕ ПРЕСМЕТУВА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ КОЈА ВАЖИ НА ДЕНОТ НА ИЗГОТВУВУЊЕ НА ПРЕСМЕТКАТА, А СПОРЕД ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ВО ОПШТИНАТА / ГРАДОТ

**Y =** ОПРЕМЕНОСТ НА ЛОКАЦИЈАТА СО ИНФРАСТИУКТУРА И ИНСТАЛАЦИИ СОГЛАСНО ЗОНАТА ВО КОЈА СЕ НАОЃА ОБЈЕКТОТ (%)

**Z =** ВРЕДНОСТ НА ЕУР ПО СРЕДЕН КУРС НА НБРМ

ТУГЗ = { (X x Y) : Z } : ВБ

**ТУГЗ = _____ БОД / М²**

## 1.4. МЕСТОПОЛОЖБА НА СТАНОТ (МС)

КОЕФИЦИЕНТИ ЗА МЕСТОПОЛОЖБАТА (КМ) НА СТАНОТ ВО ОДНОС НА :

- за утврдена зона 1 коефициент (КМ) 0,05
- за утврдена зона 2 коефициент (КМ) 0,04
- за утврдена зона 3 коефициент (КМ) 0,03
- за утврдена зона 4 коефициент (КМ) 0,02
- за утврдена зона 5 коефициент (КМ) 0,01
- надвор од зонски план коефициент (КМ) 0

МС = ТУГЗ x КМ

**МС______ БОД / М2**

**1.5. ПОГОДНОСТИ НА ЛОКАЦИЈА (ПЛ)**

БЛИЗИНА ДО 1000 МЕТРИ НА:

- ТРГОВСКИ ЦЕНТРИ ........ 5 БОДА
- СУПЕР МАРКЕТИ ........ 5 БОДА
- МАРКЕТИ ........ 5 БОДА
- КЛИНИЧКИ ЦЕНТРИ ........ 5 БОДА
- ПОЛИКЛИНИКИ ........ 5 БОДА
- УРГЕНТНИ ЦЕНТРИ ........ 5 БОДА
- АМБУЛАНТИ ........ 5 БОДА
- ВИСОКООБРАЗОВНИ ИНСТИТУЦИИ ........ 5 БОДА
- СРЕДНИ ШКОЛИ ........ 5 БОДА
- ОСНОВНИ ШКОЛИ ........ 5 БОДА
- ГРАДИНКИ ........ 5 БОДА
- МЕЃУГРАДСКИ ЈАВЕН ПРЕВОЗ ........ 5 БОДА
- ЖЕЛЕЗНИЧКИ ПРЕВОЗ ........ 5 БОДА
- ГРАДСКИ ЈАВЕН ПРАВОЗ ........ 5 БОДА
- СПОРТСКИ ЦЕНТРИ ........ 5 БОДА
- ИГРАЛИШТА ........ 5 БОДА

ПЛ = ______ БОД / $М^2$

**1.6. ОСНОВНА ВРЕДНОСТ НА СТАНОТ (ОВС)**

ОВС = КГВ + ТУГЗ + МС + ПЛ

ОВС = ________ БОД/$М^2$

**1.7. БОДОВИ ЗА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ (БВЗ)**

1. ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ КОЕФИЦИЕНТ (КЗ) 0,02
2. ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ ВО ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП КОЕФИЦИЕНТ (КЗ) 0,001

БВЗ = ОВС х КЗ

**БВЗ = ____ БОД / $М^2$**

**1.8. ВКУПЕН БРОЈ НА БОДОВИ (ВББ / $М^2$)**

ВББ = ОВС + БВЗ

ВББ = ________ БОД/$М^2$

**1.9. ВКУПЕН БРОЈ НА БОДОВИ ЗА СТАНОТ (ВББС) ВО БОДОВИ**

ВББС = ВББ х ПС ($М^2$) = ____ х ____ = ________ БОДОВИ

## 1.10. ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА СТАНОТ (ВВС)

**ВВС = ВББ x ВБ / $M^2$ = __________ (ЕУР или ДЕНАРИ)**

**ЛЕГЕНДА:**

| | |
|---|---|
| **ГВ** | ГРАДЕЖНА ВРЕДНОСТ ВО БОДОВИ ($M^2$) |
| **КА** | КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ОД ГОЛЕМИНА НА СТАНОТ |
| **КБ** | КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ОД ВИСОЧИНА НА ЗГРАДАТА |
| **КВ** | КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ОД МЕСТОПОЛЖБАТА НА СТАНОТ ВО ЗГРАДАТА - КАТНОСТ |
| **КГ** | КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ПО ОДНОС НА ОРИЕНТАЦИЈАТА НА СТРАНИ НА СВЕТОТ (ИНСОЛАЦИЈА) |
| **КД** | КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ПО ОДНОС НА СТРУКТУРАТА НА СТАНБЕНАТА ЗГРАДА |
| **КЃ** | КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ ПО ОДНОС НА АМОРТИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТОТ |
| **ГС** | ГОДИНИ НА СТАРОСТ НА ЗГРАДАТА |
| **ГСА** | ГОДИШНА СТАПКА НА АМОРТИЗАЦИЈА |
| **ВКК** | ВКУПНО КОРЕКЦИОНИ КОЕФИЦИЕНТИ |
| **КГВ** | КОРЕКЦИОНА ГРАДЕЖНА ВРЕДНОСТ БОД/$M^2$ |
| **ТУГЗ** | ТРОШОЦИ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО БОД/$M^2$ |
| **КМ** | КОЕФИЦИЕНТИ ЗА МЕСТОПОЛОЖБАТА НА СТАНОТ |
| **МС** | МЕСТОПОЛОЖБА НА СТАНОТ - ОДАЛЕЧЕНОСТ ОД ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ-БОД/$M^2$ |
| **ПЛ** | ПОГОДНОСТ НА ЛОКАЦИЈА |
| **ОВС** | ОСНОВНА ВРЕДНОСТ НА СТАНОТ |
| **КЗ** | КОЕФИЦИЕНТ ЗА ЗЕМЈИШТЕ |
| **БВЗ** | БОДОВИ ЗА ВРЕДНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕ |
| **ВББ** | ВКУПЕН БРОЈ НА БОДОВИ ЗА $M^2$ - БОД/$M^2$ |
| **ВББС** | ВКУПЕН БРОЈ НА БОДОВИ ЗА СТАНОТ |
| **ВБ** | ВРЕДНОСТ НА БОДОТ (0,46 €) |
| **ПС** | ПОВРШИНА НА СТАН ВО $M^2$ (Нето површина на стан со редуцирани површини) |
| **ВВС** | ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА СТАНОТ (ЕУР или ДЕН) |

# ПРИЛОГ 2

## О Б Р А З Е Ц 2

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНАТА ВРЕДНОСТ НА**

**СТАНОТ ИЗРАЗЕНА ВО БОДОВИ ЗА 1м$^2$**

**ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАНОТ**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | **СОПСТВЕНИК НА СТАНОТ:** | |
| 2 | **ШИФРА НА СТАНОТ:** | |
| 3 | **АДРЕСА НА СТАНОТ:** | |
| 4 | **ТЕХНИЧКИ БРОЈ НА ЗГРАДА:** | |
| 5 | **НАСЕЛБА / ОПШТИНА** | |
| 6 | **ГОДИНА НА ГРАДБА:** | |
| 7 | **ПС = ПОВРШИНА НА СТАН (М$^2$) :**<br>(Нето површина на стан со редуцирани површини ) | |
| 8 | **ВИСИНА НА ЗГРАДА ПО КАТОВИ:**<br>(По+Пр+Бр.на катови+Пк) | |
| 9 | **ПОЗИЦИЈА НА СТАНОТ ВО ЗГАРАДАТА:**<br>(По катови) | |

## 1. ОСНОВНИ БОДОВИ

| РЕД. БР. | ОПИС НА ПОЗИЦИЈАТА | | БОДОВИ | ВКУПНО БОДОВИ |
|---|---|---|---|---|
| | **1. ТЕМЕЛИ** | | | |
| 1.1. | БЕТОНСКИ ТЕМЕЛИ ЗА ЗГРАДИ БЕЗ ПОДРУМ | | 50 | |
| 1.2. | ТЕМЕЛИ ОД КАМЕН ИЛИ ЦИГЛА ЗА ЗГРАДИ БЕЗ ПОДРУМ | | 27 | |
| 1.3. | ПОДРУМ ВО ЗГРАДИ ОД БЕТОН СО ЖИЧАНИ ПРЕГРАДИ | | 87 | |
| 1.4. | ПОДРУМ ВО ЗГРАДИ ОД БЕТОН СО ЅИДАНИ ПРЕГРАДИ | | 117 | |
| 1.5. | ПОДРУМ ВО ЗГРАДИ ОД КАМЕН И ЦИГЛА | | 89 | |
| | **2. ТИП НА КОНСТРУКЦИЈА** | | | |
| 2.1. | ЧЕЛИЧНА КОНСТ.ИЛИ КОМБИРАНА АБ И ЧЕЛИЧНА НОСИВА КОНСТРУКЦИЈА СО ИСПОЛНА ОД ЗИДАРИЈА И ЧЕЛИЧНИ ЕКЛЕМЕНТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2,70М1 | | 778 | |
| 2.2. | ЧЕЛИЧНА КОНСТ.ИЛИ КОМБИРАНА АБ И ЧЕЛИЧНА НОСИВА КОНСТРУКЦИЈА СО ИСПОЛНА ОД ЗИДАРИЈА И ЧЕЛИЧНИ ЕКЛЕМЕНТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70М1 ДО 3,00 М1 | | 803 | |
| 2.3. | ЧЕЛИЧНА КОНСТ.ИЛИ КОМБИРАНА АБ И ЧЕЛИЧНА НОСИВА КОНСТРУКЦИЈА СО ИСПОЛНА ОД ЗИДАРИЈА И ЧЕЛИЧНИ ЕКЛЕМЕНТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ НАД 3,00М1 | | 887 | |
| 2.4. | АБ СКЕЛЕТНА КОНСТРУКЦИЈА ИЛИ АСЕИЗМИЧНА К-ЈА СО СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2,70М1 | | 649 | |
| 2.5. | АБ СКЕЛЕТНА КОНСТРУКЦИЈА ИЛИ АСЕИЗМИЧНА К-ЈА СО СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70 М1 - 3,00 М1 | | 670 | |
| 2.6. | АБ СКЕЛЕТНА КОНСТРУКЦИЈА ИЛИ АСЕИЗМИЧНА К-ЈА СО СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НАД 3,00 М1 | | 690 | |
| 2.7. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО АБ МЕЃУКАТНА К-ЈА СО СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2,70 М1 | | 485 | |
| 2.8. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО АБ МЕЃУКАТНА К-ЈА | | 500 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | СО СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70 М1 ДО 3.00 М1 | | | |
| 2.9. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО АБ МЕЃУКАТНА К-ЈА СО СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ НАД 3.00 М1 | | 516 | |
| 2.10. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-А И СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2,70 М1 | | 474 | |
| 2.11. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-А И СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70 М1 ДО 3,00 М1 | | 489 | |
| 2.12. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-А И СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ НАД 3,00 М1 | | 504 | |
| 2.13. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО МЕЃУКАТНА К-ЈА ЖЕЛЕЗНИ ПРОФИЛИ СО ЛАКОВИ И СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2,70 М1 | | 526 | |
| 2.14. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО МЕЃУКАТНА К-ЈА ЖЕЛЕЗНИ ПРОФИЛИ СО ЛАКОВИ И СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70 ДО 3,00 М1 | | 541 | |
| 2.15. | ЗИДАНИ ЗГРАДИ СО МЕЃУКАТНА К-ЈА ЖЕЛЕЗНИ ПРОФИЛИ СО ЛАКОВИ И СИТЕ ЗИДАРСКИ РАБОТИ ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ НАД 3,00 М1 | | 556 | |
| 2.16. | БОНДРУЧНА К-А СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-ЈА ИСПОЛНЕТА СО КЕРПИЧ ИЛИ ПЛИТАР ВО ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2,70 М1 | | 380 | |
| 2.17. | БОНДРУЧНА К-ЈА СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-ЈА ИСПОЛНЕТА СО КЕРПИЧ ИЛИ ПЛИТАР ВО ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70 ДО 3,00 М1 | | 388 | |
| 2.18. | БОНДРУЧНА К-ЈА СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-ЈА ИСПОЛНЕТА СО КЕРПИЧ ИЛИ ПЛИТАР ВО ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ НАД 3,00 М1 | | 397 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2.19. | БОНДРУЧНА К-ЈА СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-ЈА И ИСПОЛНЕТА ОД ПЕЧЕНА ТУЛА ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2,70 М1 | | 450 | |
| 2.20. | БОНДРУЧНА К-ЈА СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-ЈА И ИСПОЛНЕТА ОД ПЕЧЕНА ТУЛА ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70 ДО 3,00 М1 | | 462 | |
| 2.21. | БОНДРУЧНА К-ЈА СО ДРВЕНА МЕЃУКАТНА К-ЈА И ИСПОЛНЕТА ОД ПЕЧЕНА ТУЛА ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ НАД 3,00 М1 | | 474 | |
| 2.22. | ДРВЕНА ИЛИ ДРУГА МОНТАЖНА К-ЈА (ПАНЕЛИ, СЕНДВИЧИ И СЛ.) ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2,70 М1 | | 519 | |
| 2.23. | ДРВЕНА ИЛИ ДРУГА МОНТАЖНА К-ЈА (ПАНЕЛИ, СЕНДВИЧИ И СЛ.) ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70 М1 ДО 3,00 М1 | | 536 | |
| 2.24. | ДРВЕНА ИЛИ ДРУГА МОНТАЖНА К-ЈА (ПАНЕЛИ, СЕНДВИЧИ И СЛ.) ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ НАД 3,00 М1 | | 552 | |
| 2.25. | НАСТРШНИЦА | | 151 | |
| 2.26. | ЗГРАДИ СО КЕРПИЧ СО ДРВЕНА ТАВАНИЦА ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ДО 2.70 М1 | | 169 | |
| 2.27. | ЗГРАДИ СО КЕРПИЧ СО ДРВЕНА ТАВАНИЦА ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ ОД 2,70 ДО 3,00 М1 | | 172 | |
| 2.28. | ЗГРАДИ СО КЕРПИЧ СО ДРВЕНА ТАВАНИЦА ЗА ВИСИНА НА ПРОСТОРИИ НАД 3,00 М1 | | 176 | |
| **3. СКАЛИ И ЛИФТОВИ** | | | | |
| 3.1. | НАДВОРЕШНИ БЕТОНСКИ , АБ ИЛИ КАМЕНИ СКАЛИ | | 45 | |
| 3.2. | БЕТОНСКИ СО ЦЕМЕНТНА КОШУЛКА | | 23 | |
| 3.3. | ВНАТРЕШНИ БЕТОНСКИ СКАЛИ ОБЛОЖЕНИ СО МЕРМЕР | | 67 | |
| 3.4. | ВНАТРЕШНИ БЕТОНСКИ СКАЛИ ОБЛОЖЕНИ СО КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ | | 59 | |
| 3.5. | ВНАТРЕШНИ БЕТОНСКИ СКАЛИ ОБЛОЖЕНИ СО ТЕРАЦО | | 50 | |
| 3.6. | ДРВЕНИ СКАЛИ | | 33 | |
| 3.7. | МЕТАЛНИ СКАЛИ | | 59 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.8. | ОСОБЕН ЛИФТ (ПАРЧЕ) | x 67 | | |
| 3.9. | ТЕРЕТЕН ЛИФТ | x 77 | | |
| | **4. ЗАСОЛНИШТА** | | | |
| 4.1. | ЗАСОЛНИШТА | | 17 | |
| | **5. ТЕРМИЧКА ИЗОЛАЦИЈА** | | | |
| 5.1. | ВНАТРЕШНА ОБЛОГА ОД СТИРОПОР СО ЗАВРШНА ОБРАБОТКА (3-5 см.) | | 17 | |
| 5.2. | ОБЛОГА ОД СТИРОПОР СО ПОДКОНСТРУКЦИЈА (3-5 см. КНАУФ | | 84 | |
| 5.3. | ОБЛОГА ОД СТИРОПОР СО ПОДКОНСТРУКЦИЈА (5-10 см. КНАУФ) | | 92 | |
| 5.4. | ОБЛОГА НА ТЕРВОЛ СО ПОДКОНСТРУКЦИЈА (3-5 см.- КНАУФ) | | 84 | |
| 5.5. | ОБЛОГА ОД ТЕРВОЛ СО ПОДКОНСТРУКЦИЈА (5-10 см- КНАУФ) | | 100 | |
| 5.6. | ТЕРМИЧКА ИЗОЛАЦИЈА ВО СЕНДВИЧ ЗИД ОД СТИРОПОР | | 23 | |
| 5.7. | ТЕРМИЧКА ИЗОЛАЦИЈА ВО СЕНДВИЧ ЗИД ОД ТЕРВОЛ | | 25 | |
| | **6. ФАСАДА** | | | |
| 6.1. | ФАСАДА ОД КАЛ | | 10 | |
| 6.2. | ФАСАДА ОД ОБИЧЕН МАЛТЕР СО ПРСКАЊЕ | | 40 | |
| 6.3. | ФАСАДА ОД ПЛЕМЕНИТ МАЛТЕР ИЛИ ПЛАСТИЧЕН НАМАЗ | | 65 | |
| 6.4. | ФАСАДА ОД ВЕШТАЧКИ КАМЕН ИЛИ НАТУР БЕТОН | | 99 | |
| 6.5. | ФАСАДА ОД КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ ИЛИ ФУГИРАНА ТУЛА | | 164 | |
| 6.6. | ФАСАДА ОД МЕРМЕР ИЛИ СТАКЛО | | 213 | |
| 6.7. | КОНТАКТНА ФАСАДА | | 172 | |
| | **7. КРОВНА КОНСТРУКЦИЈА** | | | |
| 7.1. | НЕПРООДНА ТЕРАСА – РАМЕН КРОВ | | 37 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7.2. | ДЕЛИМИЧНО ПРООДНА И НЕПРООДНА ТЕРАСА | | 52 | |
| 7.3. | ДРВЕНА КРОВНА КОНСТ УКЦИЈА СО ПОКРИВ ОД КЕРАМИДИ, ЛИМ, САЛОНИТ, ШИНДРА БЕЗ ИЗОЛАЦИЈА | | 55 | |
| 7.4. | ДРВЕНА КРОВНА КОНСТРУКЦИЈА СО ПОКРИВ ОД КЕРАМИДИ, ЛИМ, САЛОНИТ, ШИНДРА СО ИЗОЛАЦИЈА | | 80 | |
| 7.5. | ПОКРИВНА КОНСТРУКЦИЈА ОД ФАБРИКУВАНИ ЕЛЕМНТИ - СЕНДВИЧИ | | 84 | |
| **8. ПРОЗОРИ** | | | | |
| 8.1. | ДРВЕНИ ЕДНОСТРУКИ ПРОЗОРИ СО ОБИЧНО ЗАСТАКЛУВАЊЕ | | 47 | |
| 8.2. | ДРВЕНИ ДВОЈНИ ПРОЗОРИ ИЛИ КРИЛО НА КРИЛО СО ОБИЧНО ЗАСТАКЛУВАЊЕ | | 57 | |
| 8.3. | ДРВЕНИ ПРОЗОРИ, ДВОЈНИ ИЛИ КРИЛО НА КРИЛО СО ТЕРМОПАН СТАКЛО | | 117 | |
| 8.4. | ПРОЗОРИ ОД ЦРНА БРАВАРИЈА СО ОБИЧНО ЗАСТАКЛУВАЊЕ | | 84 | |
| 8.5. | ПВЦ ПРОЗОРИ СО ТЕРМОПАН СТАКЛО И РОТО ОКОВ | | 117 | |
| 8.6. | ДРВЕНИ ПРОЗОРИ СО ТЕРМОПАН СТАКЛА И РОТО ОКОВ | | 134 | |
| 8.7. | АЛУМИНИУМСКИ ПРОЗОРИ СО ТЕРМОПАН СТАКЛО | | 151 | |
| 8.8. | АЛУМИНИУМСКИ ПРОЗОРИ СО ТЕРМОПАН СТАКЛО, РОТО ОКОВ И ТЕРМИЧКА ИЗОЛАЦИЈА | | 201 | |
| 8.9. | ПРОЗОРИ ОД КОМБИНИРАН ПРОФИЛ ДРВО-АЛУМИНИУМ СО ТЕРМОПАН СТАКЛО И РОТО ОКОВ | | 251 | |
| **9. ВРАТИ** | | | | |
| 9.1. | ВРАТИ НА ФИЛУНГ | (108 / ПС) х парче | | |
| 9.2. | ВРАТИ ДУПЛОШПЕРОВАНИ | (150 / ПС) х парче | | |
| 9.3. | ПВЦ ВРАТА | (177 / ПС) х парче | | |
| 9.4. | ДРВЕНИ ВРАТИ | (217 / ПС) х парче | | |
| 9.5. | МЕТАЛНИ ВРАТИ СО ИСПОЛНА ОД ЛИМ И СТАКЛО | (238 / ПС) х парче | | |
| 9.6. | ВРАТИ ОД МЕДИЈАПАН | (197 / ПС) х парче | | |
| 9.7. | АЛУМИНИУМСКИ И СТАКЛЕНИ ВРАТИ | (435 / ПС) х парче | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9.9. | ВЛЕЗНА СИГУРНОСНА ПП ВРАТА | (306 / ПС) х парче | | |
| 9.10. | БЛИНДОР | (1087 / ПС) х парче | | |
| **10. ПОДОВИ** (БОДОВИТЕ ЗА ОБРАБОТКА НА ПОДОТ СЕ ПРЕСМЕТУВААТ СПОРЕД ПРОЦЕНТУАЛНА ЗАСТАПЕНОСТ НА ПОВРШИНАТА НА ВИДОТ НА ПОДОТ ВО ВКУПНАТА ПОВРШИНА НА СТАНОТ) | | | | |
| 10.1. | ПОД ОД ГРАНИТ | | 151 | |
| 10.2. | ПОД ОД МЕРМЕР | | 134 | |
| 10.3. | ПОД ОД ДАБОВ ПАРКЕТ | | 117 | |
| 10.4. | ПОД ОД ПОСЕБЕН/ДРУГ ВИД НА МАТЕРИЈАЛ се пресметува согласно член 3 став 2 алинеја 1 од оваа Уредба | | | |
| 10.5. | ПОД ОД КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ | | 100 | |
| 10.6. | ПОД ОД БУКОВ ПАРКЕТ ИЛИ БРОДСКИ ПОД | | 84 | |
| 10.7. | ПОД ОД ТЕРАЦО | | 67 | |
| 10.8. | ПОД ОД ЛАМИНАТ | | 59 | |
| 10.9. | ПОД ОД СИНТЕТСКИ И ПВЦ МАТЕРИЈАЛИ | | 50 | |
| 10.10 | ПОД ОД ОБИЧНИ ДАСКИ | | 42 | |
| 10.11. | ПОД ОД ЦЕМЕНТНА КОШУЛКА | | 38 | |
| 10.12. | ПОД ОД БЕТОН | | 37 | |
| **11. ЗАНАЕТЧИСКИ РАБОТИ** (СЕ ЗАОКРУЖУВА ПОЗИЦИЈАТА ШТО ЈА СОДРЖИ СТАНОТ) | | | | |
| 11.1. | ВГРАДЕНИ ПЛАКАРИ СО ВРАТА НА ШАРИ | (129 х ППл / ПС) | | |
| 11.2. | ВГРАДЕНИ ПЛАКАРИ СО ВРАТА НА ШИНИ | (217 х ППл / ПС) | | |
| 11.3. | ВИСЕЧКИ ПЛАКАРИ ВО ХОДНИЦИ И СОБИ | (129 х ППл / ПС) | | |
| 11.4. | ЕСЛИНГЕР РОЛЕТНИ | | 50 | |
| 11.5. | ВЕНЕЦИЈАНЕР РОЛЕТНИ | | 40 | |
| 11.6. | ПЛАТНЕНИ РОЛЕТНИ | | 7 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.7. | КАПАЦИ - ЖАЛУЗИНИ | | 15 | |
| 11.8. | МРСНО ЦОКЛЕ ВО КУПАТИЛО | | 2 | |
| 11.9. | ОБЛОГА НА ЗИДОВИ ВО КУПАТИЛА СО КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ | | 22 | |
| 11.10. | МРСНО ЦОКЛЕ ВО НИША ИЛИ КУЈНА | | 2 | |
| 11.11. | ОБЛОГА НА ЗИДОВИ ВО НИША ИЛИ КУЈНА СО КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ | | 7 | |
| 11.12. | КОМБИНИРАНА ОБЛОГА НА ЗИД ВО НИША ИЛИ КУЈНА ОД КЕРАМИЧКИ ПЛОЧКИ И МРСНА БОЈА | | 3 | |
| | **ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА** | | | |
| 11.13. | МОНОФАЗНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА ВО МАЛТЕР | | 47 | |
| 11.14. | МОНОФАЗНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА НАД МАЛТЕР | | 30 | |
| 11.15. | ТРОФАЗНА ЕЛЕКТРИЧНА ИНСТАЛАЦИЈА | | 67 | |
| 11.16. | RTV ИНСТАЛАЦИЈА | | 5 | |
| 11.17. | ГРОМОБРАНСКА ИНСТАЛАЦИЈА | | 5 | |
| 11.18. | ТЕЛЕФОНСКА ИНСТАЛАЦИЈА | | 5 | |
| 11.19. | ДОМОФОНСКА ИНСТАЛАЦИЈА | | 7 | |
| 11.20. | ВИДЕО ДОМОФОНСКА ИНСТАЛАЦИЈА | | 8 | |
| 11.21. | ПРОТИВ ПРОВАЛНА ИНСТАЛАЦИЈА | | 5 | |
| | **ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА** | | | |
| 11.22. | ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА ВО СТАН | | 15 | |
| 11.23. | ВОДОМЕР ВО СТАН | (71 / ПС) х парче | | |
| 11.24. | ВОДОВОДНА ИНСТАЛАЦИЈА ПО ВОДОТОЧНО МЕСТО (се пресметува само за станови во супбтандард кои имаат водоточни места без дополнителна инсталација) | х 4 | | |
| 11.25. | ИНСТАЛАЦИЈА ЗА ТОПЛА ВОДА | | 8 | |
| 11.26. | ХИДРОФОРСКА ПОСТРОЈКА | | 8 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.27. | ПРОТИВПОЖАРЕН ХИДРАНТ | | 3 | |
| 11.28. | ЧЕШМА ВО ДВОР | | 5 | |
| 11.29. | ХИДРАНТ ВО ДВОР | | 3 | |
| 11.30. | ПУМПА ВО ДВОР | | 3 | |
| 11.31. | КАНАЛИЗАЦИЈА ВО СТАН | | 25 | |
| 11.32. | КАНАЛИЗАЦИЈА ПО ОДВОДНО МЕСТО (се пресметува само за станови во супбтандард, кои имаат одвод без дополнителна инсталација) | x 4 | | |
| 11.33. | КЛОЗЕТ ВО ДВОР | | 5 | |
| 11.34. | КЛОЗЕТ ВО ДВОР ЗА ПОВЕЌЕ СТАНАРИ | | 2 | |
| 11.35. | КЛОЗЕТ ВО ЗГРАДА ВОН СТАНОТ | | 3 | |
| 11.36. | КЛОЗЕТ ВО СТАН БЕЗ ИСПИРАЊА | | 3 | |
| 11.37. | КЛОЗЕТСКА ШОЉА ВО ПОСЕБЕН КЛОЗЕТ | | 7 | |
| 11.38. | КЛОЗЕТСКА ШОЉА | (122 / ПС) х парче | | |
| 11.39. | МИЈАЛНИК | (122 / ПС) х парче | | |
| 11.40. | БИДЕ | (122 / ПС) х парче | | |
| 11.41. | ЕТАЖЕРКА, ОГЛЕДАЛО, ДРЖАЧ ЗА ПЕШКИР | (68 / ПС) х комплет | | |
| 11.42. | ЛЕЖЕЧА КАДА | (217 / ПС) х парче | | |
| 11.43. | СЕДЕЧА КАДА | (217 / ПС) х парче | | |
| 11.43. | ЗАЗИДАНА КАДА | (285 / ПС) х парче | | |
| 11.44. | ТУШ КАДА - ПОЛИБАН | (136 / ПС) х парче | | |
| 11.44. | ПАРАВАН ЗА ТУШ КАДА ИЛИ ЗА КАДА | (122 / ПС) х парче | | |
| 11.45. | БОЛЈЕР ВО КУПАТИЛО | (197 / ПС) х парче | | |
| 11.47. | МИШ БАТЕРИЈА СО ТУШ | (122 / ПС) х парче | | |
| 11.48. | ЕЛЕКТРИЧНА ГРЕАЛКА | (54 / ПС) х парче | | |
| 11.49. | САДОПЕР ДВОДЕЛНИ | (217 / ПС) х парче | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.50. | САДОПЕР ЕДНОДЕЛЕН | (136 / ПС) х парче | | |
| 11.51. | БОЛЈЕР ВО КУЈНА | (109 / ПС) х парче | | |
| 11.53. | АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА | | 25 | |
| | ТЕЛА ЗА ГРЕЕЊЕ / ЛАДЕЊЕ | | | |
| 11.57. | РАДИЈАТОРИ | | 95 | |
| 11.58. | ПОДНО ГРЕЕЊЕ | | 109 | |
| 11.59. | ВЕНТИЛО КОНВЕКТОРИ | | 109 | |
| 11.60. | ЕЛЕКТРИЧНИ ГРЕЈНИ ТЕЛА | | 30 | |
| 11.61 | ТЕЛА НА ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА се пресметува согласно член 3 став 2 алинеја 2 од оваа Уредба | | | |
| 11.62 | ТЕЛА ЗА ВЕНТИЛАЦИЈА се пресметува согласно член 3 став 2 алинеја 2 од оваа Уредба | | | |
| | ИЗВОРИ НА ТОПЛИНА | | | |
| 11.61. | ТОПЛИНСКА ПОДСТАНИЦА | | 25 | |
| 11.62. | КОТЛАРНИЦА ЗАЕДНИЧКА | | 75 | |
| 11.63. | КОТЛАРНИЦА СОПСТВЕНА се пресметува согласно член 3 став 2 алинеја 1 од оваа Уредба | | | |
| 11.64. | СОЛАРНИ КОЛЕКТОРИ | | 259 | |
| 11.65. | ТОПЛИНСКИ ПУМПИ | | 218 | |
| | ОСТАНАТИ ПОЗИЦИИ | | | |
| 11.66. | ПЕРАЛНА | | 7 | |
| 11.67. | СУШАЛНА | | 3 | |
| 11.68. | ЦЕВКИ ЗА ЃУБРЕ | | 2 | |
| 11.69. | БУНКЕР ЗА ЃУБРЕ ВО ЗГРАДА | | 3 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11.70. | БУНКЕР ЗА ЃУБРЕ ВОН ЗГРАДА | | 5 | |
| 11.71. | ПРИСТАПНИ ПАТЕКИ (ЗА $М^2$) | x 1 | | |
| 11.72. | ДВОРНА ОГРАДА (ЗА $М^2$) | x 2 | | |
| | **ПОМОШНИ ПРОСТОРИИ** | | | |
| 11.73. | СОПСТВЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР ВО ОБЈЕКТ | (467 x ППк / ПС) x парче | | |
| 11.74. | СОПСТВЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР НАДВОР ОД ОБЈЕКТ | (238 x ППк / ПС) x парче | | |
| 11.75. | ГАРАЖА ВО ДВОР | (679 X ПГ / ПС) | | |
| 11.76. | ГАРАЖА ВОН ОБЈЕКТ ПОД ЗЕМЈА | (611 x ПГ / ПС) | | |
| 11.77. | ВОДОВОД ВО ГАРАЖА БЕЗ ПУМПА | (27 x ПГ / ПС) x парче | | |
| 11.78. | ВОДОВОД ВО ГАРАЖА СО ПУМПА | (41 x ПГ / ПС) x парче | | |
| 11.78. | ПОМОШЕН ОБЈЕКТ (ШУПА) ВО ДВОР | (136 x ППО / ПС) | | |
| 11.79. | ДОПОЛНИТЕЛНИ ВГРАДЕНИ МАТЕРИЈАЛИ | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ЗА ГРАДЕЖНА ВРЕДНОСТ (ГВ):** | | | |

**НАПОМЕНА:**

Ако некој од вградените материјали или уреди во станот не е опфатен со Образецот 2 од став 1 на овој член, бодирањето се врши на следниот начин:

- За позиции кои учествуваат во вредност на станот со количини (м, $м^2$ или $м^3$): Вкупната вредност на таа позиција се дели со вредноста на бодот, а добиениот количник се дели со вкупната површина на станот со што се добива број на бодови по м2 за таа неопфатена позиција.

- За позиции кои учествуваат во вредност на станот со парче: вредноста на таа позиција по парче се дели со вредноста на бодот, а добиениот количник се дели со вкупната површина на станот, а потоа се множи со бројот на парчиња, со што се добива број на бодови по м2 за таа неопфатена позиција.

**ЛЕГЕНДА :**

| | |
|---|---|
| **ПС** | ПОВРШИНА НА СТАН ($м^2$) |
| **ППл** | ПОВРШИНА НА ПЛАКАР ($м^2$) |
| **ППк** | ПОВРШИНА НА ПАРКИНГ ($м^2$) |
| **ПГ** | ПОВРШИНА НА ГАРАЖА ($м^2$) |
| **ППО** | ПОВРШИНА НА ПОМОШЕН ОБЈЕКТ ($м^2$) |
| **ГВ** | ГРАДЕЖНА ВРЕДНОСТ НА СТАН (БОДОВИ) |

# ПРИЛОГ 3

| ШИФРА НА СТАНОТ: | |
|---|---|
| ПРИЛОГ: | ОБРАЗЕЦ 3 |

## П Р Е С М Е Т К А

### ЗА ВИСИНА НА ЗАКУПНИНА НА СТАН

СКОПЈЕ ____________ ГОДИНА

----------------------------------------------------------

----------------------------------------------------------------

ШТЕМБИЛ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА ШТО ГО

ПОПОЛНУВА ОБРАЗЕЦОТ

## О Б Р А З Е Ц 3

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗАКУПНИНАТА НА СТАНОТ

### ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАНОТ

| | | |
|---|---|---|
| 1 | СОПСТВЕНИК НА СТАНОТ: | |
| 2 | АДРЕСА НА СТАНОТ: | |
| 3 | ТЕХНИЧКИ БРОЈ НА ЗГРАДА: | |
| 4 | ГОДИНА НА ГРАДБА: | |
| 5 | ПС = ПОВРШИНА НА СТАН ($М^2$):<br>(Нето површина на стан со редуцирани површини) | |
| 6 | КАТЕГОРИЈА НА СТАН: | |
| 7 | ВИД НА ЗАКУПНИНА: | |
| 8 | ВРЕДНОСТ НА БОДОТ (ВБ): | |
| 9 | ЗАКУПЕЦ: | |

### ВИСИНА НА ЗАКУПНИНА ЗА СТАН (ВЗС)

ВЗС = (ВББС x ВБ x Коефициент) : 12 = __________ ЕУР / МЕСЕЦ

**ЛЕГЕНДА :**

| | |
|---|---|
| ВББС | ВКУПЕН БРОЈ НА БОДОВИ ЗА СТАНОТ |
| ВЗС | ВИСИНА НА ЗАКУПНИНА НА СТАН |
| ВБ | ВРЕДНОСТ НА БОДОТ |

## ПРИЛОГ 4

# ОБРАЗЕЦ ЗА ВРЕДНУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА ОЦЕНУВАЊЕ ПРИ ДОДЕЛУВАЊЕ НА СТАН ПОД ЗАКУП

I. ПОВРШИНИ НА СТАНОВИ

| | |
|---|---|
| 1. Станбен статус: | |
| 1.1. Бартел на огласот, без стан, но живее во привремено пребивалиште или во други нестанбени простории, живее вон објект | 180 бода |
| 1.2. Барател на огласот кој е подстанар или закупец на пазарнен стан | 100 бода |
| 1.3. Барател на огласот кој живее во друг облик на сместување | 80 бода |
| 1.4. Барател на огласот кој шивее со родители или роднини | 70 бода |
| 1.5. Барател на огласот, закупец на стан одземен поради денационализација и е вратен на поранешниот сопственик | 160 бода |
| 1.6. Барател на огласот, поранешен корисник на непрофитен стан | 160 бода |
| 2. Квалитет на живеење: | |
| 2.1. Живеење во непримерен стан под минимални услови | 30 бода |
| 2.2. Живеење вон објект | 60 бода |
| 3. Квадрадтура по лице во станот: | |
| 3.1. до 4м2 по лице од заедницата | 20 бода |
| 3.2. од 5м2 до 8м2 по лице од зедницата | 10 бода |
| 3.3. од 8м2 до 12м2 по лице од заедницата | 5 бода |
| 4. Функционалност на станот: | |
| 4.1. стан со заеднички влез (простории) | 50 бода |
| 4.2. стан со посебен влез | 10 бода |

II. СОЦИЈАЛНИ ПАРАМЕТРИ

| | |
|---|---|
| 5. Број на членови во домаќинството : | |
| 5.1. за секое дете (малолетен член) | 30 бода |
| 5.2. заедница со член во домаќинството, постар од 65 години | 30 бода |
| 6. Одвоено живеење: | |
| 6.1. одвоено живеење на децата од родителите заради нессодветна станбена површина ( згрижени во туѓи заедници, домови) | 60 бода |
| 6.2. статус на родител кој сам го издржува детето (самохран родител) | 40 бода |
| 7. Здравствени параметри: | |
| 7.1. трајни заболувања на децата, | 80 бода |
| 7.2. трајни заболувања | 60 бода |

III. КАТЕГОРИИ НА БАРАТЕЛИ СО ПРЕДНОСТ

| | |
|---|---|
| Заедници на млади, млади: | |
| - возраст на заедницата до 35 години | 30 бода |
| - возраст на барателот до 30 години | 20 бода |
| Зедница со поголем број на деца: | |
| - најмалку три деца | 30 бода |
| - за секое дете после третото | 5 бода |
| Инвалидизирани и семејно домаќинство со инвалидино лице: | |
| - хендикепираност | 10 бода |

За доделување непрофитни станови барање можат да поднесат лица, во чии семејни домаќинства, приходите во последните 12 месеци пред објавување на огласот не надминуваат:

| Број на членови во домаќинство | Приход што не смее да надмине процент (%) од пресметаната просечна нето плата во земјата |
|---|---|
| 1-члено | 40% |
| 2-члено | 60% |
| 3-члено | 80% |
| 4-члено | 100% |
| 5-члено | 120% |
| 6-члено | 140% |

За секој дополнителен член во семејното домаќинство горната граница се зголемува со додавање на дополнителни 20 %.

- приход во заедницата од пресметаната просечна нето плата во земјата , под максимално дозволен лимит за заедницата намален :

- до 10 % 10 бода
- до 20% 20 бода
- до 30% 30 бода
- под 30% 40 бода

Баратели со подолг работен стаж од 15 години:

- без стан или стан под закуп 10 бода

Баратели истакнати во струката и од значење за државата и општината 100 бода

Жртви на семејно насилство во заедница 80 бода

категории на баратели со предност, максимално 25% од вкупно освоени бодови

Бројот на дополнителниот број бодови на категории баратели со предност, го определува закуподавачот на стан, според сопствена проценка, а коишто мора да бидат определени во секој оглас посебно, движејќи се во определен распон од 50 до 150 бода.

**221.**

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за јавните патишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.84/08, 52/09 и 114/09) Владата на Република Македонија на седницата, одржана на 20.01.2010 година, донесе

## У Р Е Д Б А
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА И НИВНИТЕ ОЗНАКИ

Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат критериумите за категоризација на јавните патишта и нивните ознаки.

Член 2

Јавните патишта според нивното државно, економско, стопанско и сообраќајно значење и нивната изграденост може да бидат:

- Државни и
- Општински.

Член 3

Според државното, економското, стопанското и сообраќајното значење, како и нивото на изграденост дел од државните патишта се категоризираат како автопатишта, експресни патишта и магистрални патишта (А-патишта) и служат за:

- поврзување на Република Македонија во европскиот патен систем и одржување на континуитет на меѓународната патна мрежа (меѓународните коридори - Е патишта),
- поврзување на патната мрежа со меѓународни патни гранични премини и сообраќајно поврзување со патиштата на соседните држави.

Член 4

Регионалните патишта се категоризираат како:

- Регионален пат од прва категорија и
- Регионален пат од втора категорија.

Член 5

За да биде јавниот пат категоризиран како регионален пат од прва или втора категорија потребно е да ги исполнува следните параметри:

- Минимална должина,
- Минимален сообраќај,
- Современ коловоз и
- Поврзување.

Параметрите од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба.

Член 6

Врз основа на параметрите од член 5 на оваа уредба, категоризација на регионалните патишта од прва и втора категорија се врши според критериуми утврдени како:

- Основни и
- Дополнителни критериуми.

Член 7

Основни критериуми за категоризација на регионалните патишта се:

- Просечен годишен дневен сообраќај (ПГДС),
- Вкупна должина на патот,
- Изградена должина на делници според проект,
- Должина на изграден современ коловоз,
- Врска со граничен премин и
- Врска меѓу најмалку два града.

Основните критериуми од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба.

Член 8

Дополнителни критериуми за категоризација на регионалните патишта се:

- Алтернативен пат на автопат,
- Врска со зимски спортски и туристички центри,
- Врска со културно-историски локалитети,
- Врска со рударски и поголеми индустриски центри и капацитет,
- Врска со А – патишта.

Дополнителните критериуми од став 1 од овој член се дадени во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба.

Член 9

Критериумите се вреднуваат со бодови.

Категоризацијата на државниот пат зависи од резултатот на вреднувањето со бодови. Категоризацијата се врши на принцип на утврдување на вкупниот број на бодови врз основа на одредбите од член 7 и 8 на оваа уредба.

Член 10

Категоризација на јавните патишта како општински се врши врз основа на тоа дека служат за:

- поврзување на градот или седиштето на општината со населените места во општината,
- поврзување на градот или седиштето на општината со државните патишта,
- поврзување со туристички, спортско-рекреативни центри и културно-историски локалитети од локално значење.

Член 11

Како јавен пат ќе се определи и планиран државен или општински пат кој ќе се категоризира и означи веднаш по неговата изградба.

Член 12

Јавен пат ќе помине во пониска или повисока категорија врз основа на исполнетоста на критериумите утврдени во членовите 7 и 8 од оваа уредба.

Дел од постоечкиот категоризиран пат кој нема да се поклопи со трасата на новоизградениот пат ќе помине во пониска категорија на државен пат или како општински пат.

Член 13

Означувањето на државните патишта се врши на следниот начин:

- Со употреба на буквата А и броевите 1; 2; 3; 4; се означуваат автопатиштата, експресните и магистралните патишта ( А – патиштата). Покрај овие ознаки со допишување на буквата „а“ се означува дека патот (делницата) е изграден на ниво на автопат; со допишување на буквата „е“ се означува дека патот (делницата) е изграден на ниво на експресен пат; со допишување на буквата „м“ се означува дека патот (делницата) е изграден на ниво на магистрален пат; со допишување на буквата „н“ се означува дека патот (делницата) е планиран и неизграден;
- Со употреба на буквата Р и 4 броеви по неа се означуваат регионалните патишта. Првата бројка ја означува категоријата на регионалниот пат (Р1 или Р2). Втората бројка (од 1 до 4) го означува поврзувањето со бројот на А – патот. Последните две бројки го означуваат редниот број на патот при што од 01 до 30 се означуваат регионалните патишта од прва категорија, од 31 до 70 се означуваат регионалните патишта од втора категорија;
- Со употреба на буквата Р и бројката 29 се означуваат регионалните патишта кои делумно ги исполнуваат критериумите за категоризација како државни патишта и се означени со бројот од 71 до 99;

Со ознака Р9 се означуваат патиштата кои не ги исполнуваат критериумите за категоризација на државни патишта во согласност со оваа уредба;

- Со употреба на буквата Л (различна од буквите за ознака на државните патишта) и комбинација на бројки (матичниот број на општината) и број на општинскиот пат се означуваат општински патишта.

Член 14

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6765/1-09
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

Прилог 1

| 1. ПАРАМЕТРИ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИТЕ ПАТИШТА | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | 1.1. | | | 1.2. | | | 1.3. | | | | | 1.4. | Категорија |
| Ознака | Минимална должина | | | Минимален сообраќај | | | Современ коловоз | | | | | Поврзување (само за Р1) | |
| | Минимална должина | должина | да/ не | минимален сообраќај ПГДС | избројан сообраќај ПГДС | да/ не | Ширина на коловоз Двосмерен >=5.0 м' | должина | Ширина на коловоз Едносмерен < 5.0 м' | должина | да/ не | врска со најмалку две општини или со граничен премин | |
| | км | км | | воз/ден | воз/ден | | % | км | % | км | | да/не | |
| Р1 | >=15 км | | да | мин 600 | | да | >= 40% | | | | | | Р1 |
| Р2 | >=10 км | | да | мин.200 | | да | | | >=30% | | | - | Р2 |
| Р29 (времена ознака) | Прогласен државен пат (регионален) кој не задоволува еден параметар од предвидените параметри за категоризација во регионален пат од втора категорија (Р2), освен параметарот 1.1 кој мора да биде исполнет. | | | | | | | | | | | | Р29 |
| Р9 | Прогласен државен пат кој не го здоволува параметарот 1.1. или не задоволува било кои два параметри од предвидените параметри за категоризација на регионални патишта. | | | | | | | | | | | | Р9 |

- Ако регионален пат Р1 не задоволува само еден од параметрите за Р1, освен параметарот 1.1. кој мора да биде исполнет и доколку добие повеќе од 80 бодови (од табела 2 и табела 3) истиот ќе се категоризира како Р1 пат.
- Ако регионален пат Р2 не задоволува само еден од параметрите за Р2, освен параметарот 1.1. кој мора да биде исполнет и доколку добие повеќе од 50 бодови (од табела 2 и табела 3) истиот ќе се категоризира во Р2 пат.

**Прилог 2**

## 2. ОСНОВНИ КРИТЕРИУМИ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА

| Сообраќај | | Вкупна Должина | | Изградени делници по проект за регионален пат (>40%) | Должина на изграден современ коловоз | | | | Врска со гранични премини | | Врска меѓу најмалку два града | Вкупно 1 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПГДС | | | | | ≥5.0м | | <5.0 м | | постоен/ оперативен | планиран | | |
| 2.1 | | 2.2 | | 2.3 | 2.4 | | | | 2.5 | | 2.6 | |
| воз/ден | бодови | км | бод-ови | бодови | % | бод-ови | % | бод-ови | бодови | бодови | бодови | бодови |
| 200-500 | 5 | 10-15 | 3 | | 5%-15% | 3 | 5%-15% | 2 | | | | |
| 501-800 | 10 | >15-20 | 6 | | >15%-25% | 6 | >15%-25% | 4 | | | | |
| 801-1300 | 15 | >20-25 | 9 | | >25%-40% | 10 | >25%-40% | 6 | | | | |
| 1301-2000 | 20 | >25-30 | 12 | 10 | >40%-55% | 14 | >40%-55% | 8 | 10 | 3 | 8 | |
| 2001-3000 | 25 | >30-40 | 16 | | >55%-70% | 18 | >55%-70% | 10 | | | | |
| 3001-5000 | 30 | >40-50 | 20 | | >70%-90% | 22 | >70%-90% | 12 | | | | |
| >5000 | 40 | >51 | 25 | | >90%-100% | 30 | >90%-100% | 14 | | | | |

За **Р1**: Вкупно 1: **>= 55 бодови**
За **Р2**: Вкупно 1: **>= 25 бодови**
За **Р29**: Вкупно 1: **>= 20 бодови**

**Прилог 3**

| 3. ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА | | | | | | | **ВКУПНО (Т2 + Т.3)** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Алетрнативен пат на автопат | Врска со зимски спортски и туристички центри | Врска со културно историски локалитети | Врска со рударски и поголеми индустриски центри и капацитети | Врски со А патишта | | **Вкупно 2** | |
| | | | | директна врска со 2 А пата | директна врска со А пат | | |
| 3.1 | 3.2 | 3.3 | 3.4 | 3.5 | | | |
| бодови | бодови | бодови | бодови | бодови | бодови | бодови | бодови |
| 5 | 5 | 3 | 5 | 5 | 2 | | |

За **Р1**: ВКУПНО: **>=65 бодови (како збир на бодови од Т.2 и Т.3)**
За **Р2**: ВКУПНО: **>=28 бодови (како збир на бодови од Т.2 и Т.3)**
За **Р29**: ВКУПНО: **>=22 бодови (како збир на бодови од Т.2 и Т.3)**

**222.**

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08 и 82/08) и член 62, став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/05, 14/07, 55/07 и 98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПОЧЕТЕН ИЗНОС НА ПАЗАРНАТА ВРЕДНОСТ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИТЕ, КАКО ЕДНОКРАТЕН НАДОМЕСТОК ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАДИОФРЕКВЕНЦИИ ВО ОПСЕГОТ 3,4-3,6 GHz (WiMAX)**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за доделување на 2 (две) одобренија за користење на радиофреквенции од радиофреквенцискиот опсег 3,4-3,6 GHz, наменет за широкопојасен безжичен пристап на целата територија на Република Македонија, што е предложен од страна на Агенцијата за електронски комуникации.

Член 2

Почетниот износ на пазарната вредност на радиофреквенциите, како еднократен надоместок за добивање на одобрение за користење на радиофреквенции од член 1 на оваа одлука изнесува 50.000 евра по одобрение.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6559/1-09
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**223.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05 и 150/07) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.01.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНА СТВАР НА СЛУЖБАТА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за култура, му престанува користењето на движната ствар со следните карактеристики:

Вид: патничко возило
Марка: Фиат Уно
Тип: 1.0
Број на шасија: ЗФА146А0000024445
Број на мотор: 8041923
Година на производство: 1998.

Член 2

Движната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење без надомест на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Член 3

Министерот за култура склучува договор со директорот на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, за правата и обврските за движната ствар од член 1 на оваа одлука која се дава на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-6804/1
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**224.**

Врз основа на член 54-а од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА НАЦИОНАЛНИ УСТАНОВИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за култура му престанува користењето на движните ствари:

1. Машини за перење – Горење................ 6 парчиња;
2. Клима уреди – Фонко......................... 27 парчиња.

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на:

1. НУ Македонски народен театар – Скопје............ 1 Машина за перење – Горење;
2. НУ Македонска опера и балет – Скопје............... 1 Машина за перење – Горење;
3. НУ Народен театар Битола...................................... 1 Машина за перење – Горење;
4. НУ центар за култура „Трајко Прокопиев“ – Куманово.... 1 Машина за перење – Горење;
5. НУ Центар за култура „Марко Цепенков“ – Прилеп... 1 Машина за перење – Горење;

6. НУ Центар за култура „Антон Панов" – Струмица........ 1 Машина за перење – Горење;

7. НУ Кинотека на Македонија................. 11 Клима уред – Фонко;

8. НУ Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Скопје.................... 4 Клима уред – Фонко;

9. НУ Музеј на Македонија – Скопје...........5 Клима уред – Фонко;

10. Македонски народен театар – Скопје.....5 Клима уред – Фонко;

11. НУ Музеј Гевгелија................................ 2 Клима уред – Фонко.

Член 3

Министерот за култура склучува договор со секој од директорите на националните установи од областа на културата од член 2 од оваа одлука, со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-6805/1 - 09
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**225.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.01.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА - УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИ КНИГИ

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за внатрешни работи му престанува користењето на движни ствари плативи обрасци специфицирани по видови и тоа:

Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-20797,

Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-19517

Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-15464

Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-9445

Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-6661

Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-5963

Изводи од матичната книга на родени (двојазични)-4500

Изводи од матичната книга на венчани (двојазични)-3500

Изводи од матичната книга на умрени (двојазични)-4300, или по градови

СКОПЈЕ

Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-1000

Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-500

Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-100

Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-100

Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-100

Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-100

ВЕЛЕС

Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-271

Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-705

Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-705

Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-173

Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-168

Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец -153

ТЕТОВО

Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-6000

Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-300

Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-2000

Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-1500

Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-750

Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-152

Изводи од матичната книга на родени (двојазични)-1500

Изводи од матичната книга на венчани (двојазични)-2000

Изводи од матичната книга на умрени (двојазични)-1500

КУМАНОВО

Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-1393

Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-2600

Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-3050

Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-2870
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-2130
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-2600
Изводи од матичната книга на родени (двојазични)-1000
Изводи од матичната книга на венчани (двојазични)-700
Изводи од матичната книга на умрени (двојазични)-800

ОХРИД
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-3000
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-3000
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-2050
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-1500
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-1090
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-301
Изводи од матичната книга на родени (двојазични)-2000
Изводи од матичната книга на венчани (двојазични)-800
Изводи од матичната книга на умрени (двојазични)-2000

ШТИП
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-4236
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-4050
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-2430
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-1208
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-1241
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-738

СТРУМИЦА
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-2897
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-2596
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-3679
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-1094
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-872
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-919

БИТОЛА
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-2000
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-500
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-1000
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-1000
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-400
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-1000

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за правда-Управа за водење на матични книги.

Член 3

Министерот за внатрешни работи склучува договор со директорот на Управа за водење на матични книги со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.19-6848/1-09
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**226.**

Врз основа на член 9 од Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/94), Владата на Република Македонија, на седница одржана на 20.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА РАБОТНАТА 2010 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за работната 2010 година, бр.02-360/2-2 од 12.01.2010 година, донесен на 25-та вонредна седница на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, одржана на 12.01.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-92/1
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот на Владата на Република Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**227.**

Врз основа на член 9 од Законот за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 2/94), Владата на Република Македонија, на седница одржана на 20.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН И ДЕЛОВЕН ПРОСТОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија за 2010 година, бр.02-22225/3-2 од 29.12.2009 година, донесена на 71-ва редовна седница на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, одржана на 29.12.2009 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-191/1
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**228.**

Врз основа на член 15, од Законот за основање на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 37/04 и 81/08), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2010 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Програмата за работа и Финансискиот план на Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија за 2010 година бр. 02-30/1 од 12.01.2010 година, донесени од Агенцијата за странски инвестиции на Република Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-276/1
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

**229.**

Врз основа на член 52 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Секретаријатот за законодавство бр.07-84/3.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-447/1
12 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**230.**

Врз основа на член 20 став 1 и член 27а од Законот за располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНА СТВАР – ОБЈЕКТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

1. Со оваа одлука на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија му престанува користењето на недвижната ствар – објект во Скопје во вкупна површина од 1056 м2, лоциран на Катастарска парцела бр. 115, Катастарска општина Центар 2 – Скопје, евидентирано во Имотен лист бр. 18991, сопственост на Република Македонија и тоа: деловен простор зграда 1 влез 1 со површина од 1056 м2.

2. Недвижната ствар од член 1 на оваа одлука се дава на трајно користење без надоместок на Министерството за транспорт и врски.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-466/1
26 јануари 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

**231.**

Врз основа на член 55, став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.2010 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНИТЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Персонален компјутер TW945G, Haier/Host (Зелена ознака) | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Црвена ознака) | Тастатура за TW945G | Глувче за TW945G | 15" ЛЦД Монитор модел 5005L, Haier/Персонален компјутер/Тин Клиент | Тин Клиент Xtenda X300 | Глувче за Тин Клиент | Тастатура за Тин Клиент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3838 | 1065 | 4903 | 4903 | 30643 | 24714 | 24864 | 24807 |

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење, без надоместок, на општините за потребите на основните училишта во Република Македонија и тоа на:

| Општина | Основни училишта | PC TW 945 G (зелена ознака) | PC TW 945 G (црвена ознака) | Tastatura | Mause | Monitor | Thin Client | Mause za thin client | Tastatura za thin client |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бутел | ОУ„ Панајот Гиновски„ Бутел - Скопје | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Бутел | ОУ„ Ацо Шопов„ Радишани - Скопје | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Бутел | ОУ„ Живко Брајковски„ Бутел - Скопје | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Чаир | ОУ„ Јане Сандански„ Чаир - Скопје | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Чаир | ОУ„ Тефејуз„ Чаир- Скопје | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Шуто Оризари | ОУ„ 26 Јули„ Шуто Оризари- Скопје | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Шуто Оризари | ОУ„ Б. Рамиз и Хамид„ Шуто Оризари-Скопје | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Арачиново | ОУ„ Ѓ.К. Скендербег„ с.Арачиново-Арачиново | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Арачиново | ОУ„ Бајрам Шабани„с.Грушино-Арачиново | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Гази Баба | ОУ„ Н.Н. Борче„ Маџари - Скопје | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Гази Баба | ОУ„ Крсте Мисирков„ Маџари - Скопје | 36 | 0 | 36 | 36 | 252 | 216 | 216 | 216 |
| Чучер Сандево | ОУ„ Михаил Грамено„ с.Брест- Скопје | 4 | 0 | 4 | 4 | 28 | 24 | 24 | 24 |
| Чаир | ОУ„ 7 Марси„ Чаир- Скопје | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Чаир | ОУ„ Васил Главинов„ Чаир- Скопје | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Чаир | ОУ„ Рајко Жинзифов„ Чаир- Скопје | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Карпош | ОУ„ Аврам Писевски„ с.Бардовци- Скопје | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Аеродром | ОУ„ Димитар Македонски„ Аеродром-Скопје | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Петровец | ОУ„ Братство Единство„ с.Коњари-Скопје | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Миладиновци | ОУ„ Браќа Миладиновци„ с.Миладиновци | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Гази Баба | ОУ„ Наум Охридски„ с.Булачани-Скопје | 4 | 0 | 4 | 4 | 28 | 24 | 24 | 24 |
| Центар | ОУ„ Димитар Миладинов„ Центар - Скопје | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Центар | ОУ„ 11 Октомври„ Центар - Скопје | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |

| Општина | Основни училишта | PC TW 945 G (зелена ознака) | PC TW 945 G (црвена ознака) | Tastatura | Mause | Monitor | Thin Client | Mause za thin client | Tastatura za thin client |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Чучер Сандево | ОУ„ А. Урдаревски„ с.Сандево- Скопје | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Чучер Сандево | ОУ„ Св.Кирил и Методиј„ с. Кучевиште-Скопје | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Бутел | ОУ„ Гоце Делчев„ с.Љубанци- Скопје | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Бутел | ОУ„ Лиман Каба„ с.Љуботен-Скопје | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Бутел | ОУ„ Петар Здравковски Пенко„ Бутел - Скопје | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Карпош | ОУ„ Владо Тасевски„ - Скопје | 36 | 0 | 36 | 36 | 252 | 216 | 216 | 216 |
| Петровец | ОУ„ Кочо Рацин„ с.Петровец-Скопје | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Гази Баба | ОУ„ Григор Прличев„ - Скопје | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Гази Баба | ОУ„ Дане Крапчев„ - Скопје | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Бутел | ОУ„ Св.Климент Охридски„ Бутел - Скопје | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Чаир | ОУ„ Конгреси Манастирит„ - Скопје | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Центар | ОУ„ Кочо Рацин„ - Скопје | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Кисела Вода | ОУ„ Кузман Јосифовски Питу„ - Скопје | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Кисела Вода | ОУ„ Партение Зографски„ - Скопје | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Кисела Вода | ОУ„ Рајко Жинзифов„ Драчево - Скопје | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Студеничани | ОУ„ Алија Авдовиќ„ с.Батинци-Скопје | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Зелениково | ОУ„ Марко Цепенков„ с.Зелениково-Скопје | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Кисела Вода | ОУ„ Кузман Шапкарев„ Драчево-Скопје | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Кисела Вода | ОУ„ Св.Климент Охридски„ Драчево - Скопје | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Студеничани | ОУ„М.К.Ататурк„ с.Количани-Студеничани | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Илинден | ОУ„ Ристо Крле„ с.Кадино- Скопје | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Кочани | ОУ„ Крсте Петков Мисирков„с.Оризари-Кочани | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Кочани | ОУ„ Св.Кирил и Методиј„ - Кочани | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Кочани | ОУ„ Тошо Арсов„ с.Зрновци-Кочани | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Кочани | ОУ„ Раде Кратовче„ - Кочани | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Битола | ОУ„ Елпида Караманди„ - Битола | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Битола | ОУ„ Св.Кирил и Методиј„ - Битола | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Битола | ОУ„ д-р Трифун Пановски„ - Битола | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Битола | ОУ„ Тодор Ангелевски„ - Битола | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Битола | ОУ„ Св.Климент Охридски„ - Битола | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Битола | ОУ„ Даме Груев„ - Битола | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Битола | ОУ„ Стив Наумов„ - Битола | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Битола | ОУ„ Коле Канински„ - Битола | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Битола | ОУ„ Ѓорѓи Сугарев„ - Битола | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Битола | ОУ„ Гоце Делчев„ - Битола | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Долнени | ОУ„ Лирија„ с.Житоште-Прилеп | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Прилеп | ОУ„ Страшо Пинџур„ с.Коњари-Прилеп | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Долнени | ОУ„ Ѓорче Петров„ с. Ропотово-Прилеп | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Долнени | ОУ„ Мирче Ацев„ с.Лажани-Прилеп | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Долнени | ОУ„ Пецо Даскалот„ с.Долнени-Прилеп | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Долнени | ОУ„ Пере Тошев„ с.Дупјачани-Прилеп | 4 | 0 | 4 | 4 | 28 | 24 | 24 | 24 |
| Долнени | ОУ„ В.Ц.Трена„ с.Дебреште-Прилеп | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Кривогаштани | ОУ„ Јонче Смургески„ с.Обршани-Прилеп | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Прилеп | ОУ„ Блаже Конески„ - Прилеп | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Прилеп | ОУ„ Кире Гавриловски-Јане„ - Прилеп | 36 | 0 | 36 | 36 | 252 | 216 | 216 | 216 |

| Општина | Основни училишта | PC TW 945 G (зелена ознака) | PC TW 945 G (црвена ознака) | Tastatura | Mause | Monitor | Thin Client | Mause za thin client | Tastatura za thin client |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прилеп | ОУ„ Кирил и Методиј„ с.Канатларци-Прилеп | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Прилеп | ОУ„ Круме Волнарски„ с.Тополчани-Прилеп | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Прилеп | ОУ„ Кочо Рацин„ - Прилеп | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Прилеп | ОУ„ Климент Охридски„ - Прилеп | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Прилеп | ОУ„ Добре Јованоски„ - Прилеп | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Прилеп | ОУ„ Рампо Левката„ - Прилеп | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Прилеп | ОУ„ Гоце Делчев„ - Прилеп | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Кривогаштани | ОУ„ Манчу Матак„ с.Кривогаштани-Прилеп | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Крушево | ОУ„ Св.Кирил и Методиј„ с.Бучин-Крушево | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Крушево | ОУ„ Никола Карев„ - Крушево | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Охрид | ОУ„ Св.Наум Охридски„ с.Пештани-Охрид | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Охрид | ОУ„ Живко Чинго„ с.Велгошти-Охрид | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Охрид | ОУ„ Ванчо Николески„ с.Лескоец-Охрид | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Струга | ОУ„ Јосип Броз Тито„ - Струга | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Струмица | ОУ„ Даме Груев„ с.Куклиш-Струмица | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Струмица | ОУ„ Гоце Делчев„ с.Вељуса-Струмица | 4 | 0 | 4 | 4 | 28 | 24 | 24 | 24 |
| Ново Село | ОУ„ Мануш Турновски„ с.Н.Село-Струмица | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Струмица | ОУ„ Герас Цунев„ с.Просениково-Струмица | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Ново Село | ОУ„ Видое Подгорец„ с.Колешино-Ново Село | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Василево | ОУ„ Гоце Делчев„ с.Василево-Струмица | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Босилово | ОУ„ Кирил и Методиј„ с.Иловица-Босилово | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Босилово | ОУ„ Гоце Делчев„ с.Босилово-Струмица | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Велес | ОУ„ Васил Главинов„ - Велес | 36 | 0 | 36 | 36 | 252 | 216 | 216 | 216 |
| Велес | ОУ„ Рајко Жинзифов„ с.Д.Оризари-Велес | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Велес | ОУ„ Јордан Константинот-Џинот - Велес | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Велес | ОУ„ Благој Кирков„ - Велес | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Велес | ОУ„ С.Б.Буридан„ с.Иванковци-Велес | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Куманово | ОУ„ Јероним Де Рада„ с.Чекези-Куманово | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Куманово | ОУ„ Магдалена Антова„ - Куманово | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Куманово | ОУ„ Х.Т.Карпош„ - Куманово | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Куманово | ОУ„ Вук Караџиќ„ - Куманово | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Липково | ОУ„ Рилиндја„ с.Лојане-Куманово | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Куманово | ОУ„ Вера Которка„ с.Клечевце-Куманово | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Куманово | ОУ„ Крсте Мисирков„ - Куманово | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Куманово | ОУ„ Кочо Рацин„ - Куманово | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Куманово | ОУ„ Кирил и Методиј„ с.Романовце-Куманово | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Куманово | ОУ„ Браќа Рибар„с.Табановце-Куманово | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Липково | ОУ„ Битолски Конгрес„ с.Лопате-Куманово | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Куманово | ОУ„ Карпош„ с.Умин Дол-Куманово | 4 | 0 | 4 | 4 | 28 | 24 | 24 | 24 |
| Липково | ОУ„ Антон Зако Чајупи„ с.Отља-Куманово | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Липково | ОУ„ Фаик Коница„ с.Слупчане-Куманово | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Липково | ОУ„ Дитурија„ с.Липково-Куманово | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Куманово | ОУ„ Х.Т.Карпош„ с.Ранковце - Куманово | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Липково | ОУ„ Култура„ с.Матејче-Куманово | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Тетово | ОУ„ Лирија„ - Тетово | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |

| Општина | Основни училишта | PC TW 945 G (зелена ознака) | PC TW 945 G (црвена ознака) | Tastatura | Mause | Monitor | Thin Client | Mause za thin client | Tastatura za thin client |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Тетово | ОУ„ Наим Фрашери - Тетово | 36 | 0 | 36 | 36 | 252 | 216 | 216 | 216 |
| Тетово | ОУ„ Андреја Савевски Ќиќиш - Тетово | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Тетово | ОУ„ Братство Миѓени„ - Тетово | 32 | 0 | 32 | 32 | 224 | 192 | 192 | 192 |
| Тетово | ОУ„ Гоце Делчев„ - Тетово | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Тетово | ОУ„ Истикбал„ - Тетово | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Тетово | ОУ„ Кирил и Методиј„ - Тетово | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Кавадарци | ОУ„ Гоце Делчев„ - Кавадарци | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Кавадарци | ОУ„ Д.А.Габерот„ с.Ваташа-Кавадарци | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Росоман | ОУ„ Пере Тошев„ с.Росоман-Кавадарци | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Валандово | ОУ„ Јосип Броз Тито„ - Валандово | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Валандово | ОУ„ Страшо Пинџур„ с.Јосифово-Валандово | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Гостивар | ОУ„ Братство Единство„ - Гостивар | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Штип | ОУ„ Димитар Влахов„ - Штип | 40 | 0 | 40 | 40 | 280 | 240 | 240 | 240 |
| Богданци | ОУ„ Кирил и Методиј„ с.Стојаково-Богданци | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Гевгелија | ОУ„ Крсте Мисирков„ - Гевгелија | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Гевгелија | ОУ„ Владо Кантарџиев„ - Гевгелија | 32 | 0 | 32 | 32 | 224 | 192 | 192 | 192 |
| Богданци | ОУ„ Петар Мусев„ - Богданци | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Гевгелија | ОУ„ Климент Охридски„ с.Миравци-Гевгелија | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Гевгелија | ОУ„ Ристо Шуклев„ с.Негорци-Гевгелија | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Виница | ОУ„ Гоце Делчев„ - Виница | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Виница | ОУ„ Славчо Стојменски„ - Виница | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Виница | ОУ„ Кочо Рацин„ с.Блатец-Виница | 4 | 0 | 4 | 4 | 28 | 24 | 24 | 24 |
| Виница | ОУ„ Никола Парапунов„ с.Драгобраште-Виница | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Крива Паланка | ОУ„ Јоаким Крчовски„ - Крива Паланка | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Крива Паланка | ОУ„ Илинден„ - Крива Паланка | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Неготино | ОУ„ Гоце Делчев„ - Неготино | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Неготино | ОУ„ Страшо Пинџур„ - Неготино | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Кратово | ОУ„ Кочо Рацин„ - Кратово | 32 | 0 | 32 | 32 | 224 | 192 | 192 | 192 |
| Чашка | ОУ„ П.П.Арсов„ с.Богомила-Чашка | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Чашка | ОУ„ Тодор Јанев„ с.Чашка | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Свети Николе | ОУ„ Гоце Делчев„ - Свети Николе | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Свети Николе | ОУ„ Даме Груев„ с.Ерџелија-Свети Николе | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Свети Николе | ОУ„ Кирил и Методиј„ - Свети Николе | 36 | 0 | 36 | 36 | 252 | 216 | 216 | 216 |
| Берово | ОУ„ Дедо Иљо Малешевски„ - Берово | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Берово | ОУ„ Н.П.Русински„ с.Русиново-Берово | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Чешиново-Облешево | ОУ„ Климент Охридски„ с.Олешево-Чешиново | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Чешиново-Облешево | ОУ„ Страшо Пинџур„ с.Соколарци-Чешиново | 4 | 0 | 4 | 4 | 28 | 24 | 24 | 24 |
| Пробиштип | ОУ„ Никола Карев„ - Пробиштип | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Пробиштип | ОУ„ Браќа Миладиновци„ - Пробиштип | 24 | 0 | 24 | 24 | 168 | 144 | 144 | 144 |
| Градско | ОУ„ Даме Груев„ с.Градско | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Старо Нагоричане | ОУ„ Х.Карпош„ с.М.Нагоричане | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Старо Нагоричане | ОУ„ С.Марковиќ„ с.М.Нагоричане | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Старо Нагоричане | ОУ„ Х.Карпош„ с.Драгоманце-Ст.Нагоричане | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Демир Капија | ОУ„ Д.А.Габерот„ - Демир Капија | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Карбинци | ОУ„ Страшо Пиџур„ с.Карбинци-Карбинци | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |

| Општина | Основни училишта | PC TW 945 G (зелена ознака) | PC TW 945 G (црвена ознака) | Tastatura | Mause | Monitor | Thin Client | Mause za thin client | Tastatura za thin client |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Радовиш | ОУ„ Кирил и Методиј„ с.Ораовица-Радовиш | 8 | 0 | 8 | 8 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Радовиш | ОУ„ Коста Рацин„ с.Подареш-Радовиш | 12 | 0 | 12 | 12 | 84 | 72 | 72 | 72 |
| Радовиш | ОУ„ Крсте П.Мисирков„ - Радовиш | 28 | 0 | 28 | 28 | 196 | 168 | 168 | 168 |
| Радовиш | ОУ„ Никола Карев„ - Радовиш | 20 | 0 | 20 | 20 | 140 | 120 | 120 | 120 |
| Радовиш | ОУ„ Орце Николов„ с.Ињево-Радовиш | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Дојран | ОУ„ Кочо Рацин„ Нов Дојран-Дојран | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Лозово | ОУ„ М.Митевски Брицо„ с.Лозова-Лозово | 16 | 0 | 16 | 16 | 112 | 96 | 96 | 96 |
| Зајас | ОУ„ Реџо Рушити„ с.Зајас-Зајас | 48 | 0 | 48 | 48 | 336 | 288 | 288 | 288 |
| Битола | ОУ„Александар Турунџев“ с.Кукуречани-Битола | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Битола | ОУ„Крсте Мисирков“ с.Бистрица-Битола | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Могила | ОУ„Браќа Милидовци“ с.Добрушево-Могила | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Могила | ОУ„Кочо Рацин“ с.Ивањевци-Могила | 4 | 1 | 5 | 5 | 29 | 24 | 24 | 24 |
| Могила | ОУ„Гоце Делчев“ с.Могила-Могила | 8 | 2 | 10 | 10 | 56 | 48 | 48 | 48 |
| Новаци | ОУ„Славко Лумбарковски“ с.Новаци-Новаци | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Демир Хисар | ОУ„Браќа Милидовци“ с.Жван-Д.Хисар | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Демир Хисар | ОУ„Даме Груев“ с.Смилево-Д.Хисар | 6 | 1 | 7 | 7 | 43 | 36 | 36 | 36 |
| Демир Хисар | ОУ„Гоце Делчев“ -Д.Хисар | 24 | 6 | 30 | 30 | 174 | 144 | 144 | 144 |
| Тетово | ОУ„Ѓ.К.Скендербег“ с.Пороj-Тетово | 0 | 6 | 6 | 6 | 174 | 144 | 144 | 144 |
| Тетово | ОУ„Рилиндја“ с.Селце-Тетово | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Тетово | ОУ„Беса“ с.Вешала-Тетово | 0 | 1 | 1 | 1 | 29 | 24 | 24 | 24 |
| Вевчани | ОУ„Страшо Пинџур“ с.Вевчани-Вевчани | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Струга | ОУ„Зини Хана“ с.Велешта-Струга | 20 | 5 | 25 | 25 | 145 | 120 | 120 | 120 |
| Струга | ОУ„Орхан Џемаили“ с.Г.Татеши-Струга | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Струга | ОУ„Нури Мазари“ с.Делогожда-Струга | 12 | 3 | 15 | 15 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Струга | ОУ„Маршал Тито“ с.Лубаниште-Струга | 28 | 7 | 35 | 35 | 203 | 168 | 168 | 168 |
| Струга | ОУ„Климент Охридски“ с.Драслајца-Струга | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Струга | ОУ„Гоце Делчев“ с.Подгорци-Струга | 12 | 3 | 15 | 15 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Струга | ОУ„Гоце Делчев“ с.Јабланица-Струга | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 27 |
| Струга | ОУ„Единство“ с.Октиси-Струга | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Струга | ОУ„Браќа Миладиновци“-Струга | 40 | 10 | 50 | 50 | 290 | 240 | 240 | 240 |
| Струга | ОУ„Агим Агуши“ с.Радолишта-Струга | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Осломеј | ОУ„Ѓ.К.Скендербег“ с.Србица-Осломеј | 12 | 3 | 15 | 15 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Осломеј | ОУ„Милто Ѓура“ с.Стрелци-Осломеј | 4 | 1 | 5 | 5 | 29 | 24 | 24 | 24 |
| Осломеј | ОУ„Наим Фрашери“ с.Ј.Доленци-Осломеј | 4 | 1 | 5 | 5 | 29 | 24 | 24 | 24 |
| Зајас | ОУ„Фаик Коница“ с.Грешница-Зајас | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Македонски Брод | ОУ„Св.Климент Охридски“-М.Брод | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Пласница | ОУ„Стив Наумов“ с.Пласница-Пласница | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Пласница | ОУ„Мирче Ацев“ с.Лисичани-Пласница | 4 | 1 | 5 | 5 | 29 | 24 | 24 | 24 |
| Охрид | ОУ„Глигор Прличев“-Охрид | 28 | 7 | 35 | 35 | 203 | 168 | 168 | 168 |
| Дебарца | ОУ„Дебарца“ с.Белчишта-Дебарца | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Ресен | ОУ„Браќа Миладиновци“-с.Ц.Двор-Ресен | 12 | 3 | 15 | 15 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Ресен | ОУ„Димитар Влахов“ с.Љубојно-Ресен | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Ресен | ОУ„Гоце Делчев“-Ресен | 20 | 5 | 25 | 25 | 145 | 120 | 120 | 120 |
| Ресен | ОУ„Мите Богоевски“-Ресен | 28 | 7 | 35 | 35 | 203 | 168 | 168 | 168 |
| Ресен | ОУ„Славејко Арсов“ с.Подмочани-Ресен | 20 | 5 | 25 | 25 | 145 | 120 | 120 | 120 |

| Општина | Основни училишта | PC TW 945 G (зелена ознака) | PC TW 945 G (црвена ознака) | Tastatura | Mause | Monitor | Thin Client | Mause za thin client | Tastatura za thin client |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Теарце | ОУ„Асдрени“ с.Глоѓи-Теарце | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 0 | 0 | 0 |
| Теарце | ОУ„Кирил Пејчиновиќ“ с.Теарце-Теарце | 0 | 5 | 5 | 5 | 145 | 0 | 0 | 0 |
| Теарце | ОУ„Исмаил Ќемали“ с.Нераште-Теарце | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 0 | 0 | 0 |
| Теарце | ОУ„Фаик Коница“ с.Доброште-Теарце | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 0 | 0 | 0 |
| Теарце | ОУ„Екрем Чабеј“ с.Слатино-Теарце | 0 | 4 | 4 | 4 | 116 | 0 | 0 | 0 |
| Желино | ОУ„Хасан Тахсини“ с.Седларево-Желино | 0 | 1 | 1 | 1 | 29 | 6 | 24 | 24 |
| Студеничани | ОУ„Наим Фрашери“ с.Студеничани | 0 | 6 | 6 | 6 | 174 | 0 | 0 | 0 |
| Сарај | ОУ„Сами Фрашери“ с.Глумово-Сарај | 0 | 2 | 2 | 2 | 58 | 0 | 0 | 0 |
| Сарај | ОУ„Ибе Паликуќа“ с.Бојане-Сарај | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 0 | 0 | 0 |
| Сарај | ОУ„Дитурија“ с.Сарај-Сарај | 0 | 7 | 7 | 7 | 203 | 0 | 0 | 0 |
| Сарај | ОУ„Бајрам Шабани“ с.кондово-Сарај | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 0 | 0 | 0 |
| Гостивар | ОУ„М.К.Ататурк“-Гостивар | 0 | 8 | 8 | 8 | 232 | 192 | 192 | 192 |
| Гостивар | ОУ„Прпарими“ с.Чегране-Гостивар | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Гостивар | ОУ„Фаик Коница“ с.Дебреше-Гостивар | 0 | 4 | 4 | 4 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Гостивар | ОУ„Чајле“ с.Чајле-Гостивар | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Боговиње | ОУ„Сами Фрашери“ с.Пирок-Боговиње | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Боговиње | ОУ„Сабедин Бајрами“ с.Камењане-Боговиње | 0 | 9 | 9 | 9 | 261 | 216 | 216 | 216 |
| Боговиње | ОУ„Лирија“ с.Жеровјане-Боговиње | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Боговиње | ОУ„Дервиш Цара“ с.Д.Палчиште-Боговиње | 12 | 3 | 15 | 15 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Боговиње | ОУ„Абдул Фрашери“ с.Боговиње-Боговиње | 20 | 5 | 25 | 25 | 145 | 120 | 120 | 120 |
| Боговиње | ОУ„11 Октомври“ с.Урвич-Боговиње | 4 | 1 | 5 | 5 | 29 | 24 | 24 | 24 |
| Гостивар | ОУ„Ѓон Бузука“ с.Србиново-Гостивар | 4 | 1 | 5 | 5 | 29 | 24 | 24 | 24 |
| Центар Жупа | ОУ„Неџати Зекирија“ с.Коџаџик-Ц.Жупа | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Центар Жупа | ОУ„М.К.Ататурк“-Ц. Жупа | 28 | 7 | 35 | 35 | 203 | 168 | 168 | 168 |
| Дебар | ОУ„Саид Најдени“-Дебар | 20 | 5 | 25 | 25 | 145 | 120 | 120 | 120 |
| Дебар | ОУ„Ристе Ристески“ с.Д.Косоврасти-Дебар | 4 | 1 | 5 | 5 | 29 | 24 | 24 | 24 |
| Дебар | ОУ„Братство Единство“-Дебар | 28 | 7 | 35 | 35 | 203 | 168 | 168 | 168 |
| Врапчиште | ОУ„Мехмед Дерала“ с.Градец-Врапчиште | 16 | 4 | 20 | 20 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Врапчиште | ОУ„Чеде Филиповски“ с.Врапчиште | 40 | 10 | 50 | 50 | 290 | 240 | 240 | 240 |
| Маврово и Ростуша | ОУ„Ј.Б.Тито“ с.Жеровница-Маврово и Ростуше | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Маврово и Ростуша | ОУ„Денче Дејановски“ М.Анови | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Маврово и Ростуша | ОУ„Блаже Конески“ с.Скудриње | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Маврово и Ростуша | ОУ„Ѓорѓи Пулески“ с.Ростуше | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Гостивар | ОУ„Лирија“ с.Вруток-Гостивар | 8 | 2 | 10 | 10 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Тетово | ОУ„Реџеп Вока“ с.Шипковица-Тетово | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Тетово | ОУ„Прпарими“ с.Речица-Тетово | 0 | 5 | 5 | 5 | 145 | 120 | 120 | 120 |
| Јегуновце | ОУ„Симче Настески“ с.Вратница-Јегуновце | 0 | 2 | 2 | 2 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Јегуновце | ОУ„Александар Здравковски“ с.Јегуновце | 0 | 2 | 2 | 2 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Јегуновце | ОУ„Даме Груев“ с.Шемшево-Јегуновце | 0 | 2 | 2 | 2 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Брвеница | ОУ„Кочо Рацин“ с.Брвеница-Брвеница | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 72 | 72 | 72 |
| Брвеница | ОУ„Гоце Делчев“ с.Стење-Брвеница | 0 | 2 | 2 | 2 | 58 | 48 | 48 | 48 |
| Брвеница | ОУ„7 Марси“ с.Челопек-Брвеница | 0 | 6 | 6 | 6 | 174 | 144 | 144 | 144 |
| Желино | ОУ„Пашко Васа“ с.Групчин-Желино | 0 | 4 | 4 | 4 | 116 | 0 | 0 | 0 |
| Желино | ОУ„Луик Гуракуќи“ с.Желино-Желино | 0 | 4 | 4 | 4 | 116 | 0 | 0 | 0 |
| Желино | ОУ„Ибрахим Темо“ с.Стримница-Желино | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 0 | 60 | 24 |
| Желино | ОУ„Фан Ноли“ с.Требош-Желино | 0 | 3 | 3 | 3 | 87 | 0 | 72 | 72 |
| Врапчиште | ОУ„Сали Лиси“ с.Добридол-Врапчиште | 0 | 4 | 4 | 4 | 116 | 96 | 96 | 96 |
| Врапчиште | ОУ„Наим Фрашери“ с.Неготино-Врапчиште | 0 | 4 | 4 | 4 | 116 | 96 | 96 | 96 |

Член 3

Министерот за образование и наука со градоначалниците на општините да склучи договор за правата и обврските на правните субјекти врз движните ствари од член 2 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6722/1-09
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**232.**

Врз основа на член 55 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ГРАД СКОПЈЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СУГС „ЗЕФЉУШ МАРКУ“**

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Персонален компјутер TW945G, Haier/Host (Зелена ознака) | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach (Црвена ознака) | Тастатура за TW945G | Глувче за TW945G | 15" ЛЦД Монитор модел 5005L, Haier/Персонален компјутер/Тин Клиент | Тин Клиент Xtenda X300 | Глувче за Тин Клиент | Тастатура за Тин Клиент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 120 | 24 | 144 | 144 | 840 | 696 | 696 | 696 |

Член 2

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење, без надоместок, на Град Скопје за потребите на јавното средно училиште во Република Македонија и тоа на:

| Општина | Училиште | Персонален компјутер TW945G, Haier/Host | Персонален компјутер TW945G, Haier/Teach | Тастатура за TW945G | Глувче за TW945G | 15" ЛЦД Монитор модел 5005L, Haier/Персонален компјутер/ Тин Клиент | Тин Клиент Xtenda X300 | Глувче за Тин Клиент | Тастатура за Тин Клиент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Град Скопје | СУГС „Зефљуш Марку" | 120 | 24 | 144 | 144 | 840 | 696 | 696 | 696 |

Член 3

Министерот за образование и наука со градоначалникот на Град Скопје да склучи договор за правата и обврските на правните субјекти врз движните ствари од член 2 на оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6723/1-09
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**233.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05,150/07), Владата на Република Македонија на седницата одржана на 20.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА – УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИ КНИГИ**

**Член 1**

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за внатрешни работи му престанува користењето на движни ствари и тоа:

1. Движни ствари лоцирани во објект зграда на МТВ :

а) во шалтер сала:
- шалтери со димезии 1,6х 0,9 (вкупно 7),
- столици (вкупно 7),
- бироа (вкупно 9).

б) во депо:
-полици-метални бели со димензии 190 х 90 (вкупно 30),
-метални шкафови со клуч (вкупно 2),
-работни маси (големи) со димензии 2,5 х 1 (вкупно 2),
-бироа (вкупно 5),
-столици (вкупно 5.

2. Движни ствари лоцирани во Домот на културата Дебар и тоа:
-шалтери со димензии 1,6 х 0,9 (вкупно 2),
-фиокари со три фиоки со димензии 0,45 х 0,4 х 0,5 (вкупно 4),
-пулт за пишување со димензии 0,8 х 0,9 (вкупно 1),
-бироа со димензии 130 х 60 (вкупно 3),
-столици (вкупно 3),
-трокрилен плакар со димезии 1,80 х 2,80 х 0,6 (вкупно 1),
-трокрилен плакар со димензии 2,4 х 1,5 х 0,6 (вкупно 1).

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за правда-Управа за водење на матични книги.

**Член 3**

Министерот за внатрешни работи склучува договор со директорот на Управата за водење на матични книги со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 19-6846/1-09
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**234.**

Врз основа на член 54 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр.8/05 и 150/07), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 20.01.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА – УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИ КНИГИ**

**Член 1**

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерство за внатрешни работи му престанува користењето на движни ствари плативи обрасци специфицирани по видови и тоа:

- Изводи од матичната книга на родени на обичен образец (вкупно 13907),
- Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец (вкупно 14686),
- Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец (вкупно 11178 ),
- Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец (вкупно 11084),
- Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец (вкупно 5233),
- Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец (вкупно 9132),
- Изводи од матичната книга на родени (двојазични) вкупно 7631,
- Изводи од матичната книга на венчани (двојазични) вкупно 6483,
- Изводи од матичната книга на умрени (двојазични) вкупно 4406,

или по градови

СКОПЈЕ

Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-3095
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-469
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-908
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-466
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-570
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-730

ВЕЛЕС
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-1963
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-1245
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-1354
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-1315
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-93
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец -681

ТЕТОВО
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-5200
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-7464
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-3599
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-2117
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-1114
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-1561
Изводи од матичната книга на родени (двојазични)-4641
Изводи од матичната книга на венчани (двојазични)-5082
Изводи од матичната книга на умрени (двојазични)-2236

КУМАНОВО
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-38
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-1818
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-2545
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-2399
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-1592
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-2283
Изводи од матичната книга на родени (двојазични)-835
Изводи од матичната книга на венчани (двојазични)-600
Изводи од матичната книга на умрени (двојазични)-720

ОХРИД
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-687
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-517
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-807
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-2657
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-1262
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-2455
Изводи од матичната книга на родени (двојазични)-2155
Изводи од матичната книга на венчани (двојазични)-803
Изводи од матичната книга на умрени (двојазични)-1450

ШТИП
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-681
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-391
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-12
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-601
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-43
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-254

СТРУМИЦА
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-1488
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-1053
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-1341

БИТОЛА
Изводи од матичната книга на родени на обичен образец-755
Изводи од матичната книга на венчани на обичен образец-1729
Изводи од матичната книга на умрени на обичен образец-612
Изводи од матичната книга на родени на интернационален образец-1529
Изводи од матичната книга на венчани на интернационален образец-622
Изводи од матичната книга на умрени на интернационален образец-1168

**Член 2**

Движните ствари од член 1 на оваа одлука се даваат на трајно користење без надоместок на Министерството за правда-Управа за водење на матични книги.

**Член 3**

Министерот за внатрешни работи склучува договор со директорот на Управа за водење на матични книги со кој ќе се уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа одлука кои се даваат на трајно користење.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-274/1
20 јануари 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**235.**

Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.01.2010 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СРЕДНИ УЧИЛИШТА ЗА 2010 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од средното образование се врши согласно член 111 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/94, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 40/03, 42/03, 67/04, 52/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08 и 92/08).

Министерството за образование и наука, како еден од основите за финансирање на средните училишта, го смета обезбедувањето на просторни услови за реализирање на воспитно - образовниот процес.

Во оваа Програма, изборот на училишта е направен врз основа на приоритети: изградба на нови училишни објекти, продолжување со изградбата на веќе започнатите објекти и завршување и ставање во употреба на дел од нив. Третирани се и училишта кај кои неопходно потребна е реконструкција или санација на училишните објекти.

Согласно одобрените средства во Буџетот на Република Македонија за 2009 година, вкупните финансиски средства од Раздел 160.01 – Министерство за образование и наука за Програма S, Потпрограма ТГ и Потпрограма ТД се следните:

**Опис на градежни интервенции и износи по училишта Потпрограма ТГ – Изградба**

| Општина | Училиште | Опис | Буџет МОН 2010 |
|---|---|---|---|
| АРАЧИНОВО | Ново средно училиште | Изградба | 2.000.000 |
| СТРУГА | Ново средно училиште во Велешта | Изградба | 2.000.000 |
| СТРУГА | Ново средно училиште во Струга | Изградба | 2.000.000 |
| ШУТО ОРИЗАРИ | Ново средно училиште | Изградба | 45.000.000 |
| | | **Вкупно** | **51.000.000** |
| **стручно-технички надзор, проекти, ревизија на проекти** | | | **1.000.000** |
| **пренесени обврски од 2009** | | | **13.000.000** |
| | | **Се вкупно** | **65.000.000** |

**Опис на градежни интервенции и износи по училишта Потпрограма ТД – Реконструкција**

| Општина | Училиште | Опис | Буџет МОН 2010 |
|---|---|---|---|
| АЕРОДРОМ | СУГС „Марија Кири Склодовска“ | Реконструкција на прозори | 1.000.000 |
| БЕРОВО | СОУ „Ацо Русковски“ | Реконструкција topловодно греење | 1.000.000 |
| ВАЛАНДОВО | СОУ „Гоце Делчев“ | Реконструкција на објект | 1.200.000 |
| ДЕЛЧЕВО | СОУ „М.М.Брицо“ - подрачни паралелки во Македонска Каменица | Промена на столарија (прозори) | 1.000.000 |
| КАРПОШ | СУГС „Георги Димитров“ | Промена на столарија (прозори) | 3.000.000 |
| ПРОБИШТИП | СОУ „Наум Наумовски Борче“ | Промена на подови (гимназиска зграда) | 1.000.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ТЕТОВО** | СОУ „Кирил Пејчиновиќ“ | Реконструкција на објект | 1.500.000 |
| **ЦЕНТАР** | СУГС „Раде Јовчевски Корчагин“ | Промена на столарија (прозори) | 2.500.000 |
| **ЦЕНТАР** | ДСУПУ „Лазар Личеновски“ | Реконструкција и адаптација | 9.000.000 |
| **ЦЕНТАР** | СУГС „Методи Митевски Брицо“ | Реконструкција на фискултурна сала | 5.000.000 |
| **ЧАИР** | СУГС „Цветан Димов“ | Промена на столарија (прозори) | 3.000.000 |
| **ШТИП** | ЕМУЦ „Коле Нехтенин“ | Реконструкција топловодно греење | 2.000.000 |
| | | **Вкупно** | **31.200.000** |
| **стручно-технички надзор, предмери, проекти, ревизија на проекти** | | | **800.000** |
| **пренесени обврски од 2009** | | | **14.000.000** |
| | | **Се вкупно** | **46.000.000** |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-245/1
26 јануари 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

**236.**

Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 26.01.2010 година, донесе

## ПРОГРАМА
## ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ЗА 2010 ГОДИНА

1. Финансирањето на училишните објекти од основното образование се врши согласно член 162 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08).

Министерството за образование и наука, како еден од основите за финансирање на основните училишта, го смета обезбедувањето на просторни услови за реализирање на воспитно - образовниот процес.

Во оваа Програма, изборот на училишта е направен врз основа на приоритети: изградба на нови училишни објекти, продолжување со изградбата на веќе започнатите објекти и завршување и ставање во употреба на дел од нив. Третирани се и училишта кај кои алармантни се проблемите со крововите, столаријата, подовите, но и целосна реконструкција или санација на училишните објекти.

Согласно одобрените средства во Буџетот на Република Македонија за 2010 година, вкупните финансиски средства од Раздел 160.01 – Министерство за образование и наука за Програма Т, Потпрограма ТА и Потпрограма ТБ се следните:

Опис на градежни интервенции и износи по училишта Потпрограма ТА – Изградба

| Општина | Училиште | Опис | Буџет МОН 2010 |
|---|---|---|---|
| АЕРОДРОМ | населба Реонски центар | изградба на нов училишен објект | 10.000.000 |
| АРАЧИНОВО | ОУ „Герѓ Кастриот Скендербеј“ с.Арачиново, ПУ с.Орланци | изградба на нов училишен објект (проект на МОН и Швајцарска агенција за развој и соработка - обврска) | 4.200.000 |
| ВЕВЧАНИ | ОУ „Страшо Пинџур“ с.Вевчани | продолжување со изградба на нов училишен објект | 25.000.000 |
| ВРАНЕШТИЦА | ОУ „Мирче Ацев“ с.Лисичани, ПУ с.Староец | изградба на нов училишен објект - обврска) | 650.000 |
| ГАЗИ БАБА | ОУ „Глигор Прличев“ Железара | изградба на нов училишен објект | 2.000.000 |
| ГОСТИВАР | ОУ „Фаик Коница“ с.Дебреше | продолжување со изградба (обврска) | 9.500.000 |
| ДОЈРАН | ОУ„Кочо Рацин“ ПУ Стар Дојран | изградба на нов училишен објект (обврска) | 5.000.000 |
| ЖЕЛИНО | ОУ „Пашко Васа“ ПУ Ново Село | изградба на нов училишен објект (обврска) | 7.500.000 |
| КИЧЕВО | ОУ „Санде Штерјоски“ | продолжување со изградба на нов училишен објект во населба Пашино село | 22.000.000 |
| РАДОВИШ | ОУ „Никола Карев“ | продолжување со доградба на дополнителен простор | 19.000.000 |
| РАДОВИШ | ОУ„Орце Николов“ ПУ Злеово | продолжување со изградба | 3.000.000 |
| ТЕТОВО | ОУ „Ѓерѓ Кастриот Скендербеј“ с.Порој, ПУ с.Џепчиште | продолжување со изградба (обврска) | 7.000.000 |
| ЦЕНТАР ЖУПА | ОУ „Неџати Зекирија“ с.Коџаџик, ПУ с.Новак | изградба на нов училишен објект (проект на МОН и Швајцарска агенција за развој и соработка) | 7.500.000 |
| ЦЕНТАР СКОПЈЕ | Населба Капиштец | Изградба на нов училишен објект (подготвителни активности) | 1.000.000 |
| ЧАИР | ОУ „Конгреси Манастирит“ | продолжување со изградба на нов училишен објект | 38.000.000 |
| | | **Вкупно** | **161.350.000** |
| **стручно-технички надзор** | | | **1.450.000** |
| **проекти, ревизија на проекти и обврски** | | | **1.200.000** |
| | | Се вкупно | **164.000.000** |

Опис на градежни интервенции и износи по училишта Потпрограма ТБ – Реконструкција

| ОПШТИНА | ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ | ОПИС | БУЏЕТ МОН 2010 |
|---|---|---|---|
| БЕРОВО | ОУ „Дедо Иљо Малешевски" | Реконструкција, промена на столарија во стар објект | 1 000 000 |
| БИТОЛА | ОУ „Коле Канински" | Реконструкција, промена на столарија (прозори) | 3.500.000 |
| ВЕЛЕС | ОУ „Благој Кирков" | Реконструкција, промена на столарија (прозори) | 1.000.000 |
| ДЕБАР | ОУ „Братство Единство" | Реконструкција, промена на столарија зграда 2 | 2.200.000 |
| ДЕМИР КАПИЈА | ОУ „Димката Ангелов Габерот" | Реконструкција, промена на столарија и електрична инсталација | 1.000.000 |
| ЖЕЛИНО | ОУ „Луиѓ Гуракуќи", ПУ Г. Лешница | Реконструкција на објект оштетен од земјотрес | 2.500.000 |
| КАРПОШ | ОУ „Владо Тасевски" | Реконструкција, промена на столарија (прозори) | 3.500.000 |
| КИСЕЛА ВОДА | ОУ „Кузман Јосифовски Питу" | Реконструкција на објект | 4.500.000 |
| КРИВА ПАЛАНКА | ОУ „Јоаким Крчовски" | Реконструкција, промена на столарија | 1.000.000 |
| НЕГОТИНО | ОУ „Гоце Делчев" | Реконструкција на објект | 1.200.000 |
| ОХРИД | ОУ „Братство Единство" | Реконструкција на кров | 2.000.000 |
| ПЕХЧЕВО | ОУ „Ванчо Китанов" | Реконструкција, промена на столарија (незаменет прозори) | 1.500.000 |
| РЕСЕН | ОУ „Мите Богоевски" | реконструкција, санација на фасада | 1.000.000 |
| ТЕАРЦЕ | ОУ „Екрем Чабеј" ПУ Непроштено | Реконструкција, воведување на топловодно греење | 4.000.000 |
| ЧАИР | ОУ „7 Марси" | Реконструкција, приклучок на централно греење (договор 09) | 3.100.000 |
| ШТИП | ОУ „Ванчо Прќе" | Реконструкција на објект | 2.500.000 |
| | | Вкупно | 35.500.000 |
| стручно-технички надзор | | | 360.000 |
| предмер пресметки, проекти, ревизија на проекти | | | 540.000 |
| пренесени обврски од претходна година | | | 33.600.000 |
| | | Се вкупно | 70.000.000 |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 51-246/1
26 јануари 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.

## СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**237.**

Врз основа на член 39 и член 44 од Законот за Судски совет на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 60/2006), Судскиот совет на Република Македонија објавува

### О Г Л А С

I

- За избор на 1 (еден) судија на Апелационен суд Скопје;
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Битола;
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Велес;
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Делчево;
- за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Гостивар;
- за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Кичево;
- за избор на 1 (еден) судија на Основен суд Куманово и
- за избор на 2 (двајца) судии на Основен суд Струга.

II

- За избор на претседател на Основен суд Берово;
- за избор на претседател на Основен суд Велес;
- за избор на претседател на Основен суд Виница;
- за избор на претседател на Основен суд Гевгелија;
- за избор на претседател на Основен суд Кавадарци;
- за избор на претседател на Основен суд Кичево;
- за избор на претседател на Основен суд Крива Паланка;
- за избор на претседател на Основен суд Неготино;
- за избор на претседател на Основен суд Прилеп;
- за избор на претседател на Основен суд Скопје 2 – Скопје.

Кандидатите за избор на судии треба да ги исполнуваат условите предвидени во член 45 од Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр. 58/06) и член 6 и 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за судовите („Сл. весник на РМ“ бр. 35/08).

Кандидатите за избор на претседател покрај условите од член 45 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06) треба да ги исполнуваат и условите од член 47 став 1 и 3 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/06), (кандидатот за претседател на суд кој се избира од редот на судиите на РМ за време од 4 години, да приложи Програма за работа во текот на мандатот).

Заинтересираните кандидати пријавите заедно со потребната документација, во оригинал или заверена фотокопија на нотар (лекарското уверение да не е постаро од една година од денот на издавање и уверение дека не е изречена мерка на безбедност за забрана на вршење на професија дејност или должност, да не е постаро од шест месеци од денот на издавањето), да ги доставаат до Судскиот совет на Република Македонија, ул. „Вељко Влаховиќ“ бб, во рок од 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на РМ“.

Покрај наведеното лицето кандидат за носител на јавна функција треба да достави и доказ за верифицирана изјава за исполнување на условите за вршење на јавна функција согласно член 2 став 2 и член 3 став 2 од Законот за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција („Службен весник на РМ“ бр. 14/08 од 29.01.2008 година) и Законот за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција („Службен весник на РМ“ бр. 64/09 од 22.05.2009 година), издаден од надлежната Комисија за верификација на факти, согласно наведениот закон.

Некомплетните документи нема да се разгледуваат.

Бр.07-130/1 и 07-131/1
26 јануари 2010 година
Скопје

Судски совет
на Република Македонија
Претседател,
**Васил Грчев,** с.р.

---

## НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**238.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22, а во врска со член 17 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА КАМАТНИТЕ СТАПКИ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Во Одлуката за каматните стапки на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 96/09), се вршат следните измени:

а) Во точката 1, став 1, зборовите: „како и висината на есконтната стапка" и запирката пред нив, се бришат.

б) Точката 5 се брише.

в) Точките 6, 7, 8 и 9 стануваат точки 5, 6, 7 и 8.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.02.2010 година.

О. бр. 02-15/I-1/2010
28 јануари 2010 година
Скопје

Гувернер и претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

---

**239.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), а во врска со член 266-а став 1 и 6 од Законот за облигационите односи („Службен весник на РМ“ бр. 18/01, 04/02, 05/03, 84/08, 81/09 и 161/09), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РЕФЕРЕНТНАТА КАМАТНА СТАПКА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА КАЗНЕНАТА КАМАТА

1. Во Одлуката за референтната каматна стапка за пресметување на стапката на казнената камата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 139/08), се вршат следниве измени:

а) Во насловот и во целиот текст, зборовите: „референтна каматна стапка“ се заменуваат со зборовите: „референтна стапка“.

б) Во точката 3, зборовите: „во „Службен весник на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „на веб страницата на Народната банка“.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 01.02.2010 година.

О. бр. 02-15/I-2/2010
28 јануари 2010 година
Скопје

Гувернер и претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

**240.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 22, во врска со член 30 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06) и член 35 став 1 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03 и 81/08), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА КУРСЕВИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа одлука, Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) ги утврдува начинот на формирање и објавување на курсевите за странските валути во денари.

2. Средните курсеви за странските валути ја формираат Курсната листа на Народната банка (во понатамошниот текст: Курсната листа).

Средните курсеви во Курсната листа ја искажуваат цената во денари за една или сто единици странска валута, заокружена на четири децимални места.

3. Средниот курс за еврото, во смисла на оваа одлука, се пресметува како средна вредност од котираните куповни и продажни курсеви за евро во денари меѓу банките поддржувачи на девизниот пазар.

Средните курсеви за останатите валути од Курсната листа се пресметуваат врз основа на дневните референтни курсеви на еврото со останатите валути, објавени од страна на Европската централна банка.

Во услови кога Европската централна банка нема објавено дневни референтни девизни курсеви, средните курсеви за останатите валути се пресметуваат врз основа на пазарните курсеви објавени на електронските информативни системи за меѓународните финансиски пазари.

Средните курсеви од ставовите 1, 2 и 3 од оваа точка се основа на пресметка на куповните и продажните курсеви на Народната банка при вршење на платниот промет со странство за потребите на државните органи.

4. Курсната листа се објавува на интернет-страницата на Народната банка, како и на електронските информативни системи за меѓународните финансиски пазари, најдоцна до 17:00 часот секој работен ден, а важи од 00:00 часот следниот ден, до почетокот на важење на новата Курсна листа.

5. Гувернерот на Народната банка носи Упатство за спроведување на одредбите на оваа одлука.

6. Оваа одлука влегува во сила осум дена од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

7. Со денот на започнувањето со примена на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на методологија за формирање на курсевите на Народна банка на Република Македонија и нивно користење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/02).

О. бр. 02-15/I-3/2010
28 јануари 2010 година
Скопје

Гувернер и претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

**241.**

Врз основа на член 64 став 1 точка 14 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЕДИНСТВЕНАТА ТАРИФА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА УСЛУГИ ШТО ГИ ВРШИ НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

I. Во Одлуката за единствената тарифа на надоместоци за услуги што ги врши Народната банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 02/05, 22/05, 16/06, 128/06, 138/06, 25/07, 54/07, 91/07, 134/07 и 157/09), во глава III. „Издавање лиценци, одобренија, согласности и дозволи“ се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Насловот на точка 9 се менува и гласи : „Работи со банки, штедилници, други трговски друштва и физички лица“.

2. Во точката 9 потточката 9 25 станува потточка 9 23.

3. Во точката 9 се додава нова потточка 9 24 која гласи: „Давање податоци на физички лица од Регистарот на податоци за изложеност на кредитен ризик на правните и физичките лица спрема банките и штедилниците (Кредитен регистар) 300,00 денари“.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/I-7/2010
28 јануари 2010 година
Скопје

Гувернер и претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

**242.**

Врз основа на член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06) и точка 5 од Одлуката за начинот на формирање и објавување на средните курсеви на Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 13/10), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

## УПАТСТВО
## ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА НАЧИНОТ НА ФОРМИРАЊЕ И ОБЈАВУВАЊЕ НА КУРСЕВИТЕ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со ова упатство се утврдува начинот на примена на Одлуката за начинот на формирање и објавување на курсевите на Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка).

2. Народната банка објавува средни курсеви за следните валути:

| | |
|---|---|
| Евро | EUR |
| САД-долар | USD |
| британска фунта | GBP |
| швајцарски франк | CHF |
| шведска круна | SEK |
| норвешка круна | NOK |
| јапонски јен | JPY |
| данска круна | DKK |
| канадски долар | CAD |
| австралиски долар | AUD |

Средните курсеви за странските валути во денари ја формираат Курсната листа на Народната банка (во понатамошниот текст: Курсната листа) утврдена во Прилог 1 кој е составен дел на ова упатство.

3. Средниот курс за еврото, во смисла на ова упатство, се пресметува секој работен ден во 16 часот, како средна вредност од котираните куповни и продажни курсеви за еврото во денари меѓу банките поддржувачи, со примена на следната формула:

$$SV = \frac{\sum_{i=1}^{n} Ai}{n}$$

каде:

$SV$ = средна вредност од котирани куповни и продажни курсеви на банките поддржувачи на одреден ден

$Ai$ = средна вредност од котации на банка поддржувач *i*, утврдена согласно со точка 4 од ова упатство

$n$ = број на банки поддржувачи коишто котираат

4. Средната вредност од котациите на банка поддржувач се пресметува од котираните куповни и продажни курсеви кои се во рамки на утврдените маргини на отстапување од интервентните курсеви на Народната банка.

Маргините на отстапување на котираните куповни и продажни курсеви на банките поддржувачи се утврдуваат со одземање, односно додавање, на 0,07 денари за евро од интервентниот куповен, односно продажен, курс на Народната банка.

Средната вредност од котациите на банка поддржувач се пресметува секој работен ден, во 16 часот, со примена на следната формула:

$$Ai = \frac{\sum_{j=1}^{t} \frac{Bid_{ij}+Ask_{ij}}{2}}{t}$$

$\forall Bid_{ij} \geq$ (куповен интервентен курс - 0,07) и
$\forall Ask_{ij} \leq$ (продажен интервентен курс + 0,07)

каде:

$Ai$ = средна вредност од котации на банка *i*

$Bid$ = котација за купување евра на банка *i*

$Ask$ = котација за продавање евра на банка *i*

$t$ = број на котации на банка *i*

$j$ = реден број на котација на банка *i*

куповен интервентен курс = котација за купување евра за денари утврдена од страна на НБРМ

продажен интервентен курс = котација за продажба евра за денари утврдена од страна на НБРМ.

5. За пресметка на средната вредност од котираните куповни и продажни курсеви меѓу банките поддржувачи, потребно е да котираат најмалку две банки поддржувачи.

Доколку котира една банка поддржувач, се смета дека средната вредност за тој ден е еднаква на средната вредност од претходниот работен ден.

6. Средните курсеви за валутите од Курсната листа, со додавање и одземање на 0,5%, Народната банка ги применува како продажни и куповни курсеви при вршењето на платниот промет со странство за потребите на државните органи.

По исклучок од став 1 од оваа точка, Народната банка го применува средниот курс од Курсната листа:

- за купопродажните трансакции со државните органи коишто се реализираат во текот на ист ден и кога за плаќањата на државните органи кон странство се користат средства од девизната сметка на државните органи кај Народната банка во иста валута како и валутата на плаќањата, и
- во случај кога се вршат трансфери од и кон кредитните револвинг девизни сметки на државните органи што се водат во Народната банка.

Продажните и куповните курсеви од став 1 од оваа точка се објавуваат на интернет страницата на Народната банка.

7. Ова упатство влегува во сила осум дена од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

8. Со денот на започнувањето со примена на ова упатство, престанува да важи Упатството за реализација на Одлуката за утврдување на методологија за формирање на курсевите на Народната банка на Република Македонија и нивно користење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 81/02, 4/03 и 74/03).

У.Бр. 1
29 јануари 2010 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев**, с.р.

## Прилог 1

### Курсна листа на Народната банка на Република Македонија формирана на _______ која се применува од 00:00 часот на ______ до почетокот на важење на новата Курсна листа

| | Држава | Шифра | Валута | | Единици валута | Среден курс во денари |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | ЕМУ | 978 | евро | EUR | 1 | |
| | САД | 840 | САД- долар | USD | 1 | |
| | Велика Британија | 826 | британска фунта | GBP | 1 | |
| | Швајцарија | 756 | швајцарски франк | CHF | 1 | |
| | Шведска | 752 | шведска круна | SEK | 1 | |
| | Норвешка | 578 | норвешка круна | NOK | 1 | |
| | Јапонија | 392 | јапонски јен | JPY | 100 | |
| | Данска | 208 | данска круна | DKK | 1 | |
| | Канада | 124 | канадски долар | CAD | 1 | |
| | Австралија | 036 | австралиски долар | AUD | 1 | |

---

**243.**

Врз основа на член 69 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/02, 51/03, 85/03, 40/04, 61/05 и 129/06), член 36 став 3 од Законот за девизно работење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03 и 81/08) и точка 24 од Одлуката за менувачки работи („Службен весник на РМ“ бр. 31/09, 34/09, 66/09 и 157/09), гувернерот на Народната банка на Република Македонија, донесе

### УПАТСТВО
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА МЕНУВАЧКИ РАБОТИ

I. Во Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/09 и 136/09), се вршат следниве изменувања:

1. Во точката 3, став 2, потточка а) се менува и гласи:

„а) да се утврди идентитетот на клиентот пред секоја трансакција на купување/продавање ефективни странски пари и чекови во согласност со закон;"

2. Во точката 5, ставот 3 се брише, а ставовите 4 и 5 стануваат ставови 3 и 4.

3. Во точката 6, Образец МТ1- Потврда за купување/продавање ефективни странски пари и чекови се менува и гласи:

**Потврда за купување/продавање ефективни странски пари и чекови**

**Образец МТ1**

<table>
<tr><td colspan="3">Овластен менувач:<br><br>Овластена банка:</td><td>Број на потврдата</td><td>Датум</td><td>Купувам</td><td>Продавам</td></tr>
<tr><td>Вид на валутата</td><td colspan="3">Износ на ефективни странски пари и чекови</td><td>Курс</td><td colspan="2">Износ во денари</td></tr>
<tr><td colspan="2">Резидент/нерезидент</td><td colspan="3">Документ за идентификација:</td><td colspan="2">Овластено лице:</td></tr>
</table>

4. Во точката 6, ставот 2, алинеите: 10 и 11 се бришат, а алинеите: 12, 13 и 14 стануваат алинеи: 10, 11 и 12.

5. Во точката 7, Образецот бр. 1 КТ за книжење на трансакциите на ден, се менува и гласи:

**Образец за книжење на трансакциите на ден _______________ бр. 1КТ**

<table>
<tr><td colspan="3">Матичен број на овластениот менувач:</td><td colspan="3">Име на овластениот менувач:</td><td colspan="4">Адреса на менувачкото место:</td></tr>
<tr><td colspan="10">Име на овластената банка:</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Ред. бр.</td><td rowspan="2">Број на документот</td><td rowspan="2">Опис</td><td colspan="5">Ефективни странски пари и чекови</td><td colspan="2">Износ во денари</td></tr>
<tr><td>Вид на валута та</td><td>Курс</td><td>Вид на средства та</td><td>Влез</td><td>Излез</td><td>Влез</td><td>Излез</td></tr>
<tr><td>1</td><td>2</td><td>3</td><td>4</td><td>5</td><td>6</td><td>7</td><td>8</td><td>9</td><td>10</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="10">Име, презиме и потпис на овластеното лице:</td></tr>
<tr><td colspan="10">Име, презиме и потпис на одговорното лице или на друго лице овластено од одговорното лице:</td></tr>
</table>

6. Во точката 7, став 4, зборовите во заградата кои-што се однесуваат на колона 2, се менуваат и гласат:

„ и тоа:

- за книжење на трансакциите со шифра 10, 11 и 12 се запишува бројот од Потврдата за купување/продавање ефективни странски пари и чекови (образец МТ1);
- за книжење на трансакциите со шифра 13 се запишува документот образец ПП40 со кој се примени денарите од денарската трансакциска сметка за менувачки работи и бројот од документот каса-прими;
- за книжење на трансакциите со шифра 14 и 16 се запишува бројот од документот каса-прими;
- за книжење на трансакциите со шифра 15 се запишува бројот од документот со кој се примени ефективните странски пари од девизната сматката за менувачко работење (образец 746) и бројот од документот каса-прими;
- за книжење на трансакциите со шифра 17 се запишува документот образец ПП10 со кој се внесени денарите на денарската трансакциска сметка за менувачки работи и бројот од документот каса-исплати;
- за книжење на трансакциите со шифра 18, 20 и 21 се запишува бројот од документот каса-исплати;
- за книжење на трансакциите со шифра 19 се запишува бројот од документот со кој се внесени ефективните странски пари на девизната сметка за менувачки работи (образец 746) и бројот од документот каса-исплати и
- за книжење на трансакциите со шифра 22 и 23 се запишува документот од кој може да се утврди како настанал кусокот на ефективните денари или на ефективните странски пари и чекови.“

7. Во точката 7, во став 4, шифра 22 зборовите: „странски пари во“, се бришат.

8. Во точката 7, став 4 зборовите: „Колона 11 - услуга - се внесува износот што се наплаќа за услугата врз основа на вршење менувачки работи“, се бришат.

II. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

III. До 30.04.2010 година, овластените менувачи можат да ги користат постоечките Образци МТ1 (Потврда за купување/продавање ефективни странски пари и чекови) и 1КТ (Образец за книжење на трансакциите на ден____), со тоа што во Образецот МТ1, рубриките „Услуга“ и „Вкупно“, а во Образецот 1КТ колоната „11-Услуга“, не треба да се пополнуваат.

Од 01.05.2010 година, овластените менувачи се должни да ги користат Образците МТ1 и 1КТ пропишани со ова упатството.

У.бр. 471
26 јануари 2010 година
Скопје

Гувернер,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**244.**

Врз основа на член 19, алинеја 7 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр. 63/06, 36/07 и 106/08), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина („Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 01.02.2010 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 27,798
- ЕУРОСУПЕР БС – 98 до 29,102

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 26,565

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 26,205

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 23,598

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 64,00
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 65,50

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 50,50

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 39,50

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 29,368

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | 63,50 | 63,00 | 62,50 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | 65,00 | 64,50 | 64,00 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | 50,00 | 49,50 | 49,00 |
| Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | 39,00 | 38,50 | 38,00 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,080

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,030

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,040

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95 до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98 до 0,890

б) Дизел гориво ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) до 0,300

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1) до 0,300

г) Мазут ден/кг
- М-1 НС до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - ЕУРОСУПЕР БС - 95 | до 21,769 |
| - ЕУРОСУПЕР БС – 98 | до 21,737 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | до 12,202 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно 1 (ЕЛ-1) | до 3,230 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 НС | до 0,100 |

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој пооделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | Ед. мерка | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕУРОСУПЕР БС - 95 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОСУПЕР БС - 98 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V) | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1 | ден/лит | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М-1 НС | ден/кг | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 02.02.2010 година.

Бр. 02-221/1
1 февруари 2010 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**245.**

Врз основа на член 36 став 2 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/06, 36/07 и 106/08), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на 28 јануари 2010 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ КОИШТО НАСТАНАЛЕ МЕЃУ ВРШИТЕЛИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКИТЕ ДЕЈНОСТИ И КОРИСНИЦИТЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ ДЕЈНОСТИ, КАКО И ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОТ**

1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат начинот, условите и постапката за разрешување на споровите коишто настанале меѓу вршителите на енергетските дејности и корисниците на услугите од вршителите на енергетски дејности, како и висината на надоместокот на трошоците за разрешување на спорот.

Овој правилник не се однесува на прашањата за кои со закон е пропишано дека за решавањето на одредени спорови исклучиво е надлежен судот или друг орган во Република Македонија.

Член 2

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија (во натамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), поведува постапка за разрешување на спорови коишто настанале меѓу вршителите на енергетските дејности и корисниците на енергетски дејности кога до истата е поднесена жалба.

Жалбата од став 1 на овој член може да се изјави во случаи кога тоа е определено со закон.

Постапката за разрешување на спорови се води и во случај кога страните во спорот спогодбено ќе одлучат спорот да биде разрешуван во рамките на Регулаторната комисија за енергетика.

Како страни во спорот во смисла на став 3 од овој член можат да се јават вршителите на енергетските дејности или вршителите на енергетските дејности и корисниците на енергетски дејности.

Член 3

За водење на постапката за разрешување на споровите се формира Комисија за водење на постапка за разрешување на спорови (во натамошниот текст: Комисија), која се состои од пет члена.

Членовите на Комисијата ги именува претседателот на Регулаторната комисија за енергетика по предлог на членовите на Регулаторната комисија за енергетика.

Два члена на Комисијата се именуваат од членовите на Регулаторната комисија за енергетика, од кои еден е претседател на Комисијата.

Другите три члена на Комисијата се именуваат од вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 4

Комисијата се формира за секој спор посебно и нејзиниот мандат трае до завршувањето на спорот.

Во постапката за разрешување на одреден спор може да се изземе член на Комисијата доколку во конкретниот спор може да има личен интерес, и/или семеен или деловен однос со една од страните во спорот, ако постојат околности кои даваат повод за оправдано сомневање во неговата непристрасност или независност, како и во други случаи утврдени со закон.

Комисијата постапката ја води и работи на седници.

Член 5

Постапката за разрешување на спорови се води врз основа на принципите на непристрасност, еднаквост на страните, транспарентност, ефикасност и правичност.

Член 6

На постапката за разрешување на споровите соодветно се применуваат одредбите од Деловникот за работа на Регулаторната комисија за енергетика, доколку со овој правилник не е уредено поинаку.

2. ПОСТАПКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ ПО ОСНОВ НА ПОДНЕСЕНА ЖАЛБА

Член 7

Жалбата за разрешување на одреден спор се изјавува во рокови утврдени со закон.

Жалбата треба да ги содржи следните податоци:

1. Означување на актот против кој се изјавува жалба;

2. Изјава дека актот се побива во целост или во определен дел;

3. Причина за жалбата (погрешно или нецелосно утврдена фактичка состојба или погрешна примена на материјалното право);

4. Докази, прилози и други потребни податоци; и

5. Потпис на подносителот на жалбата.

Член 8

Комисијата, жалбата со прилозите ја доставува до спротивната страна на одговор, со поштанска повратница.

Спротивната страна е должна да даде одговор во рок од 15 дена од денот на приемот на жалбата.

Член 9

Седницата на Комисијата се закажува најдоцна 15 дена од истекот на рокот од член 8 став 2 од овој правилник.

Седницата на Комисијата ја свикува и со неа раководи претседателот на Комисијата (во натамошниот текст: претседател).

Доколку претседателот е спречен да ја свика седницата, истата ќе ја свика член на Комисијата овластен од претседателот на Регулаторна комисија за енергетика.

Административно техничките работи за потребите на Комисијата ги врши секретар кој се избира од вработените во стручната служба на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 10

Комисијата по правило работи и одлучува врз основа на доставени писмени докази и други податоци потребни за утврдување на фактичката состојба.

Комисијата може да одлучи дали ќе одржи усна расправа заради изведување на докази, односно заради усно расправање на предметот на спорот или постапката ќе ја води врз основа на доставени писмени докази и други податоци потребни за утврдување на фактичката состојба.

Член 11

На седницата на Комисијата, кога се води усна расправа во врска со предметот на спорот, претседателот и членовите на Комисијата може да поставуваат прашања во врска со појаснување на наодите предочени во поднесените докази, а страните на спорот може да се произнесат, односно да даваат свои мислења и предлози по доставените докази во спорот при што Регулаторната комисија за енергетика истите ќе ги земе во предвид при донесувањето на решението за спорот.

Доколку Комисијата во текот на постапката оцени дека е потребно заради правилно утврдување на фактичката состојба да се достават дополнителни докази и факти, ќе ги задолжи страните на спорот истите да ги достават во одреден рок.

Член 12

На седницата, Комисијата може да повика и претставници на државни органи, трговски друштва, јавни претпријатија и други субјекти чии мислења и предлози по основ на предметот на спорот може да бидат од суштинско значење за решавање на спорот.

Регулаторната комисија за енергетика, на предлог на Комисијата или на страните во спорот, може да назначи еден или повеќе лиценцирани вештаци за да и поднесат наод за фактите и мислење за одредени прашања кои самата ќе ги утврди.

Во одлуката за именување на вештак Регулаторната комисија за енергетика определува кој ќе ги сноси трошоците за вештачење.

Доколку една од страните бара или ако Комисијата тоа го смета за потребно, вештакот е должен, откако ќе поднесе писмен или устен наод и мислење, да учествува на седницата на која Комисијата и страните ќе имаат можност да му поставуваат прашања.

Член 13

За текот на седниците на Комисијата, секретарот води записник.

Записникот содржи време и место на одржување на седницата, имиња на членовите на Комисијата, имињата односно називот на страните во спорот, податоци за спорот кој е предмет на одлучување, изјавите на евентуалните сведоци и вештаците кои учествуваат во спорот, резултатот од гласањето по текстот на предлог решението за разрешување на спорот, како и други податоци поврзани со текот на постаката.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата, како и секретарот.

Во случај ако се водела усна расправа записникот го потпишуваат овластени претставници на присутните страни во спорот.

Член 14

Постапката пред Комисијата завршува со донесување на предлог решение за разрешување на спорот.

Решението од став 1 на овој член се донесува со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на Комисијата.

Член на Комисијата кој има друг став по основ на предлог решението и кој гласал против истото ги образложува причините за тоа.

Член 15

Врз основа на предлог решението од став 1 на член 14 од овој правилник, Регулаторната комисија за енергетика донесува решение за разрешување на спорот.

Со решението од став 1 на овој член, Регулаторната комисија за енергетика решава за спорот на тој начин што предлага мерки за разрешување на спорот, како и за трошоците за разрешување на спорот.

Ако во жалбата се истакнати повеќе барања, Регулаторната комисија за енергетика, по правило, за сите тие барања ќе одлучи со едно решение.

Член 16

Решението од член 15 од овој правилник се донесува во писмена форма.

Писменото решение содржи: увод, диспозитив (изрека), образложение, која страна ги сноси трошоците за разрешување на спорот и нивната висина, упатство за правно средство, број и датум, потпис на службеното лице и печат на Регулаторната комисија за енергетика. Ако решението се обработува механографски, наместо потпис и печат може да содржи факсимил.

Решението им се доставува на страните во оригинал или во заверен препис.

Член 17

Решението од член 15 од овој правилник се смета за поединечен акт во смисла на одредбите на Законот за општата управна постапка.

3. ПОСТАПКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИ ПО БАРАЊЕ НА СТРАНИТЕ

Член 18

Страните во спорот можат спогодбено да одлучат одреден спор да биде разрешуван во рамките на Регулаторната комисијата за енергетика, кога предметот на спорот е во врска со вршењето на дејностите од областа на енергетиката, под услов страните слободно да може да располагаат со правата за кои бараат да бидат разрешени од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Член 19

Во случаите од член 18 од овој правилник, страните во спорот поднесуваат барање за разрешување на спорот (во натамошниот текст: барање) до Регулаторната комисија за енергетика.

Барањето особено треба да содржи податоци за спорот, податоци за подносителите, како и причини поради кои страните во спорот сметаат дека истиот може да се разреши од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

Кон барањето, страните во спорот поднесуваат писмена изјава заверена кај нотар со која изјавуваат дека се согласуваат решението за разрешување на спорот да има карактер на извршна исправа.

Член 20

Регулаторната комисијата за енергетиика, на предлог на Комисијата, во рок од 15 дена од приемот на барањето донесува решение со кое се произнесува дали спорот може да се разреши во рамките на Регулаторната комисија за енергетика, односно дали истата е надлежна за одлучување по истиот и за тоа ги известува подносителите на барањето.

Доколку Регулаторната комисија за енергетика донесе решение со кое истата се огласува за ненадлежна да постапува по барањето за разрешување на спорот, страните во спорот своите права може да ги остваруваат во судска или друга постапка.

Член 21

Решението за разрешување на спорот по барање на страните е правосилно и извршно.

Член 22

На постапката за разрешување на споровите по барање на страните соодветно се применуваат и одредбите од член 9,10,11,12,13, 14, 15 и 16 од овој правилник.

4. СПОГОДБА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОТ

Член 23

Во текот на постапката страните во спорот може да постигнат спогодба во писмена форма за разрешување на спорот.

Член 24

Содржината на спогодбата не може да е спротивна на правниот поредок на Република Македонија.

Спогодбата е склучена кога страните во спорот ќе ја потпишат истата.

Спогодбата има сила на извршна исправа, доколку биде заверена кај нотар.

По склучувањето на спогодбата истата задолжително се доставува до Регулаторната комисија за енергетика, која ќе донесе решение за запирање на постапката.

5. ТРОШОЦИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ

Член 25

Страните во спорот сами ги сносат трошоците предизвикани со своите дејствија.

Трошоците за работењето на Комисијата, се на товар на Регулаторната комисија за енергетика.

6. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 26

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-202/1
28 јануари 2010 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

---

**246.**

Врз основа на член 19, алинеја 6 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 63/06, 36/07 и 106/08), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на седницата одржана на ден 27.01.2010 година донесе

## ТАРИФЕН СИСТЕМ ЗА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

### 1. Општи одредби

Член 1

(1) Овој Тарифен систем се применува на тарифните потрошувачи (во понатамошниот текст: потрошувачи) на електрична енергија кои се приклучени на преносната мрежа и дистрибутивните мрежи на територијата на Република Македонија.

Член 2

(1) Со Тарифен систем за електрична енергија (во понатамошниот текст: Тарифен систем) се утврдуваат:

1) критериуми и мерила за определување на категории, групи и подгрупи на тарифни потрошувачи,

2) пресметковни елементи за утврдување на надоместок за испорачаната електрична енергија

3) основи и начин на формирање на тарифни ставови и нивна примена врз пресметковните елементи, и

4) тарифни ставови според напонско ниво, времето на испорака во текот на денот и видот на мерењето.

Член 3

(1) Овој Тарифен систем има за цел да поттикне рационално и ефикасно производство, пренесување и користење на електричната енергија, како и да обезбеди остварување на регулираниот максимален приход утврден согласно актот за регулирање на цените на електрична енергија на следните енергетски дејности:

1) производство и набавка на електрична енергија за потребите на тарифните потрошувачи (во понатамошниот текст: регулирано производство на електрична енергија),

2) пренос на електрична енергија, управување со електроенергетскиот систем и организација и управување со пазарот на електрична енергија во Република Македонија (во понатамошниот текст: пренос на електрична енергија);

3) управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија на територијата на Република Македонија (во понатамошниот текст: дистрибуција на електрична енергија);

4) снабдување со електрична енергија на тарифните потрошувачи (во понатамошниот текст: снабдување со електрична енергија).

## 2. Категории на потрошувачи, тарифни елементи и тарифни ставови

Член 4

(1) Утврдување на различни категории на потрошувачи за кои се применуваат различни тарифни ставови за пресметка на надоместокот за електрична енергија произлегува од определбата, секој потрошувач во зависност од намената и начинот на користење на електричната енергија, да има ист третман во надоместување на регулираните трошоци во снабдувањето со електрична енергија, односно при набавката и пренесувањето на електричната енергија до местото на превземање од соодветната мрежа.

Член 5

(1) Потрошувачите според напонското ниво на точката на испорака на електричната енергија се поделени на:

1) Потрошувачи на висок напон

2) Потрошувачи на среден напон

3) Потрошувачи на низок напон

(2) Потрошувачи на висок напон, се потрошувачи на кои електрична енергија се испорачува од преносната мрежа, на напонско ниво од 110kV.

(3) Потрошувачи на среден напон, се потрошувачи на кои електрична енергија се испорачува од дистрибутивни мрежи, на напонско ниво од 1kV до 110kV.

(4) Потрошувачи на низок напон, се потрошувачи на кои електрична енергија се испорачува од дистрибутивни мрежи,на напонско ниво помало од 1kV.

Член 6

(1) За потрошувачите на висок напон се утврдува една категорија на испорака на електричната енергија и тоа: 110 kV потрошувачи.

(2) За потрошувачите на среден напон, во зависност од напонското ниво и местото на испорака на електричната енергија се утврдуват следните категории:

1) 35kV директни потрошувачи,

2) 35kV потрошувачи,

3) 20 kV или 10 kV или 6 kV потрошувачи

(3) За потрошувачите на низок напон, во зависност од намената и мерењето на испорачаната електрична енергија се утврдуват следните категории :

1) домаќинство со;
- еднотарифно мерење или
- двотарифно мерење.

2) останати како;
- прв тарифен степен и
- втор тарифен степен.

3) јавно осветлување.

Член 7

(1) Пресметковни елементи врз основа на кои потрошувачите ја плаќаат испорачаната електрична енергија на снабдувачите со електрична енергија на тарифни потрошувачи (во понатамошниот текст: снабдувачи), се:

1) активна моќност,

2) активна електрична енергија,

3) прекумерно превземена реактивна електрична енергија.

Член 8

(1) Активната моќност се изразува во киловати (kW) и се определува врз основа на врвната моќност остварена од потрошувачот.

(2) Врвната моќност е најголемата моќност остварена од потрошувачот во временски интервал од 15 минути во текот на месечниот пресметковен период, за време на важење на високата дневна тарифа.

(3) Врвната моќност се утврдува со уред за мерење и регистрирање на врвна моќност или се пресметува според одредбите од овој Тарифен систем.

(4) Надоместокот за активната моќност во месечниот пресметковен период се добива со множење на тарифниот став за активна моќност изразен во денари/kW и измерената врвна моќност во kW.

Член 9

(1) Доколку мерењето на врвната моќност се врши на повеќе мерни места на исто напонско ниво, врвната моќност се одредува со собирање на врвните моќности на сите мерни места од истото напонско ниво.

(2) На барање на потрошувач, операторот на соодветниот систем на електрична енергија врз основа на став 1 од овој член ќе ја утврди врвната моќност со собирање на остварените едновремени врвни моќности ако постои техничка можност за нивно објективно утврдување, а под услов објектите на потрошувачот да се наоѓаат на една градежна локација и од исто напонско ниво.

(3) По исклучок од став 2 на овој член, за утврдување на врвната моќност на претријатието кое врши железнички транспорт за потребите на електровлеча, како една градежна локација се смета електрифицираната железничка пруга во Република Македонија.

Член 10

(1) Активната електрична енергија се изразува во киловатчасови (kWh) и се утврдува со уред за мерење на активна електрична енергија.

(2) Надоместокот за потрошената активна електрична енергија за месечниот пресметковен период се добива со множење на тарифниот став за активна електрична енергија изразен во денари/kWh со количината на потрошените киловатчасови електрична енергија (kWh).

Член 11

(1) Превземената реактивна електрична енергија се изразува во киловарчасови (kvarh) и се утврдува со уред за мерење на реактивна електрична енергија.

(2) Прекумерно превземената реактивна електрична енергија се утврдува со пресметка.

(3) Пресметката преставува позитивна разлика помеѓу превземената реактивна електрична енергија и дозволената реактивна електрична енергија која одговара на факторот на моќност cosφ=0,95, односно реактивна електрична енергија над 33% од превземената активна електрична енергија.

(4) Надоместокот за прекумерно превземената реактивна електрична енергија за месечниот пресметковниот период се добива со множење на тарифниот став за прекумерно превземена реактивна електрична енергија изразен во денари/kvarh со прекумерно превземената реактивна електрична енергија пресметана согласно став 2 на овој член.

Член 12

(1) Мерните уреди за електричната енергија и моќност, местото на испорака и местото на мерење на електричната енергија, како и начинот на пресметката во зависност од местото на испорака на електрична енергија за потрошувачите од член 6 на овој Тарифен систем, се утврдуваат согласно соодветните Мрежни правила и Правилникот за условите за снабдување со електрична енергија.

Член 13

(1) Доколку мерењето се врши на напонско ниво пониско, односно повисоко, од напонското ниво на местото на предавање, испорачаната електрична енергија и моќност се пресметува по тарифни ставови што важат за напонското ниво на местото на предавање.

Член 14

(1) Во случај на индиректен потрошувач, на кого испорачаната електрична енергија се мери со мерните уреди на примарниот потрошувач како заедничка потрошувачка, пресметката на надоместокот за индиректниот потрошувач, се прави така што количината на електрична енергија и моќност на примарниот потрошувач се намалува за количината на електрична енергија и моќност што ги остварил индиректниот потрошувач.

(2) Во случаите од став 1 на овој член, на примарниот потрошувач му се намалува количината на измерената електрична енергија и моќност, за измерените количини на електрична енергија и моќност на индиректниот потрошувач, на начин и постапка регулирана со заеднички договор помеѓу снабдувачот, операторот на мрежата, примарниот и индиректниот потрошувач.

(3) Како примарен потрошувач во смисол на овој член се подразбира квалификуван или тарифен потрошувач на електрична енергија преку чии постројки се снабдува со електрична енергија и моќност индиректниот потрошувач.

Член 15

(1) Ако потрошувачот превзема електрична енергија на повеќе мерни места на испорака за кои се пропишани различни тарифни ставови, преземањето на електрична енергија се пресметува по тарифните ставови пропишани за секое место за испорака.

Член 16

(1) За секоја категорија на потрошувачи, се утврдуваат тарифни ставови за пресметковните елементи од член 7 на овој Тарифен систем и истите се разликуваат според времето на испорака и видот на мерењето на електричната енергија.

Член 17

(1) Според времето на испорака на електрична енергија во текот на денот за сите потрошувачи, се утврдуваат следните тарифни ставови:

1) високи дневни тарифни ставови (ВДТ), за време на високи дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем и

2) ниски дневни тарифни ставови (НДТ), за време на ниски дневни оптоварувања на електроенергетскиот систем.

(2) За потрошувачи кај кои има вградено вклопни часовници со автоматска промена на летно и зимско сметање на времето, по високи дневни тарифи се пресметува електричната енергија испорачана во траење од 12 часа дневно и тоа од 07:00 до 13:00 часот и од 16:00 до 22:00 часот, во периодот за летно и зимско мерење на времето, за секој ден, освен недела.

(3) За потрошувачи кај кои има вградено вклопни часовници со автоматска промена на летно и зимско сметање на времето, по ниски дневни тарифи се пресметува електричната енергија испорачана за времето од 13:00 до 16:00 часот, и од 22:00 до 07:00 часот наредниот ден, во периодот за летно и зимско мерење на времето, за секој ден, освен недела.

(4) За потрошувачи кај кои има вградено вклопни часовници без автоматска промена на летно и зимско сметање на времето, по високи дневни тарифи се пресметува електрична енергија испорачана во траење од 12 часа дневно и тоа од 07:00 до 13:00 часот и од 16:00 до 22:00 часот, во периодот за зимско мерење на времето, а од 8:00 до 14:00 и од 17:00 до 23:00 часот, во периодот за летно мерење на времето, за секој ден, освен недела.

(5) За потрошувачи кај кои има вградено вклопни часовници без автоматска промена на летно и зимско сметање на времето, по ниски дневни тарифи се пресметува електрична енергија испорачана за времето од 13:00 до 16:00 часот , и од 22:00 до 07:00 часот, период за зимско мерење на времето, а од 14:00 до 17:00 часот и од 23:00 до 08:00 часот во периодот за летно мерење на времето, за секој ден, освен недела.

(6) По ниски дневни тарифни ставови (НДТ) се пресметува електричната енергија испорачана во недела (од 0:00 до 24:00 часот).

(7) Релативниот однос помеѓу високите и ниските дневни тарифни ставови се утврдува во соодноС од : 2,0 : 1,0

Член 18

(1) Учеството на надоместокот за моќноста во вкупниот надоместок за електрична енергија се утврдува поодделно за потрошувачите од член 5 на овој Тарифен систем во целина, а оствареното учество на надоместокот за моќност во вкупниот надоместок на електрична енергија на поединечниот потрошувач зависи од остварените карактеристики на неговата потрошувачка на електрична енергија.

(2) Учеството на надоместокот за моќноста во вкупниот надоместок за електрична енергија изнесува:

1) на висок и среден напон, 50 % за сите категории на потрошувачи,

2) на низок напон 25% за сите категории на потрошувачи.

Член 19

(1) Тарифните ставови за прекумерно превземената реактивна електрична енергија изнесуваат 25 % од тарифните ставови за активната електрична енергија.

Член 20

(1) Основни критериуми за утврдување на тарифните ставови за вредноста на пресметковните елементи и нивните соодноси по напонски нивоа и категорија на потрошувачи, се вкупните оправдани трошоци на претпријатието кое врши регулирана енергетска дејност снабдување на тарифни потрошувачи, од местото на превземање на електричната енергија до местото на испорака на електричната енергија за секоја категорија на потрошувачи, како и покривањето на трошоците кои ги предизвикуваат категориите на потрошувачи со начинот на користење на електричната енергија.

(2) Под вкупните оправдани трошоци од став 1 на овој член се подразбира одобрените вкупни трошоци содржани во Одлуката за регулираниот максимален приход на претпријатието кое врши регулирана енергетска дејност снабдување на тарифни потрошувачи, донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика.

(3) Тарифните ставови за вредноста на пресметковните елементи за сите категории на потрошувачи ги утврдува Регулаторната комисија за енергетика со Одлука за одобрување на регулиран максимален приход и цена на снабдувачот на соодветните тарифни потрошувачи, која се објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 21

(1) Вкупниот надоместок за испорачаната електрична енергија, претставува збир на надоместоците за моќност, превземена активна електрична енергија и прекумерно превземена реактивна електрична енергија.

(2) Кај потрошувачите за кои со согласноста за приклучување и/или Мрежните правила за дистрибуција е утврдено да нема мерење на врвната моќност и реактивната електрична енергија, надоместокот за испорачаната електрична енергија е надоместок за превземена активна електрична енергија.

(3) Кај потрошувачите за кои со согласноста за приклучување и/или Мрежните правила за дистрибуција е утврдено да нема мерење на врвната моќност, надоместокот за испорачаната електрична енергија претставува збир на надоместоците за превземена активна електрична енергија и прекумерно превземена реактивна електрична енергија.

(4) Вкупниот надоместок за испорачаната електрична енергија потрошувачите го плаќаат на снабдувачот.

Член 22

(1) Пресметката и фактурирањето на надоместоците за електрична енергија се врши за месечен пресметковен период согласно Правилникот за условите за снабдување со електрична енергија.

**3. Посебни одредби за потрошувачите на низок напон**

Член 23

(1) Категоријата „домаќинство“ опфаќа, потрошувачка на електрична енергија во индивидуални куќи, згради или делови од згради кои се користат за живеење, потрошувачка во помошни објекти кои служат за потребите на домаќинствата, потрошувачка во гаражи кои не се користат за вршење на стопанска дејност, потрошувачка за погон на заедничките уреди во стамбените згради и тоа: лифтови, мотори за централно греење, хидрофори и слични трошила за заеднички потреби и степенични простории во стамбените заградi

(2) Во категоријата „домаќинство“, во смисла на одредбата на ставот 1 припаѓа и потрошувачка на електрична енергија во котларници и топлотни станици во делот за затоплување во стамбени згради, потрошувачката во детски јасли, градинки, забавишта, домови, потрошувачка во интернати за згрижување на деца, ученици, студенти, инвалиди, старци и пензионери, потрошувачка во училишни и народни кујни, потрошувачка во индивидуални куќи во кои се врши угостителска дејност сместување, потрошувачка во уметнички и ликовни ателјеа, како и потрошувачка во верски објекти во кои не се врши стопанска дејност.

Член 24

(1) На потрошувачите од категоријата „домаќинство“ кај кои електричната енергија се мери со еднотарифни броила, тарифните ставови за електрична енергија се пониски за 20% од високите дневни тарифни ставови при двотарифно мерење на електричната енергија.

Член 25

(1) По исклучок од одредбите утврдени со член 8 од овој Тарифен систем, основниот придонес за пресметковната моќност на потрошувачите од категоријата „домаќинство“, по правило, учествува со 25 %, во вкупниот надоместок за електрична енергија, а се пресметува на таков начин што вредноста на превземената активна енергија во kWh се зголемува за 33,33% кај секој потрошувач.

Член 26

(1) Категоријата „јавно осветлување“, опфаќа потрошувачка на електрична енергија за осветлување на улици, подвозници, надвозници, плоштади, јавни патишта, културно историски споменици определени согласно закон, паркови, јавни отворени простори за рекреација и други јавни зелени површини, како и уредите за сообраќајна сигнализација.

(2) Надоместокот за потрошената електрична енергија на потрошувачите од категоријата „јавно осветлување“ се пресметува по цена за kWh определена врз основа на тарифниот став за активна електрична енергија кај категоријата „останати - втор тарифен степен“, намалена за 14%.

Член 27

(1) Категоријата „останати“, опфаќа потрошувачка на електричната енергија во објектите кои не се опфатени во групите на потрошувачи домаќинства и јавно осветлување.

Член 28

(1) Категоријата „останати - прв тарифен степен“, опфаќа потрошувачка на електрична енергија во објекти приклучени на низок напон од 0,4 kV (380/220 V)

кај кои со согласноста за приклучување на дистрибутивната мрежа и/или Мрежни правила за дистрибуција е утврдено да имаат мерење и на моќноста.

(2) Категоријата „останати - втор тарифен степен“ опфаќа потрошувачка на електрична енергија во објекти приклучени на низок напон од 0,4 kV (380/220 V) кај кои со согласноста за приклучување на дистрибутивната мрежа и/или Мрежни правила за дистрибуција е утврдено да немаат мерење на моќноста.

Член 29

(1) По исклучок од одредбите утврдени со член 8 од овој Тарифен систем, основниот придонес за пресметковната моќност на потрошувачите категоријата „останати - втор тарифен степен“, по правило, учествува со 25 %, во вкупниот надоместок за електрична енергија, а се пресметува на таков начин што вредноста на превземената активна енергија во kWh се зголемува за 33,33% кај секој потрошувач.

Член 30

(1) На потрошувачите од категоријата „останати-втор тарифен степен“ прекумерно превземената реактивна електрична енергија се пресметува без разлика на времето на користење во денот.

Член 31

(1) Потрошувачка на електрична енергија која припаѓа на различни категории на потрошувачи на низок напон се пресметува одвоено, ако одвоено се мери.

(2) Ако потрошувачката на електрична енергија која согласно член 23 од овој Тарифен систем припаѓа на категоријата „домаќинства“ и потрошувачка на електрична енергија која согласно член 27 од овој Тарифен систем припаѓа на категорија „останати“ се мерат заедно, вкупната потрошувачка на електрична енергија се третира во категорија „останати“.

**4. Преодни и завршни одредби**

Член 32

(1) Во точка 3.1 од Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и цена за 2010 година за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за ЕВН Електростопанство на Македонија АД за дистрибуција и снабдување со електрична енергија Скопје, бр. 02 - 2937/1, од 28 декември 2009 година (“Службен весник на РМ“ бр. 157/09), се подразбира Тарифни ставови за потрошувачи на среден напон.

(2) Во точка 7.1 од Одлуката за одобрување на основен приход за 2009, 2010 и 2011 година, регулиран максимален приход за 2009 и 2010 година и цена за 2010 година за вршење на регулираната енергетска дејност управување со системот за дистрибуција на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија и регулиран максимален приход и цена за 2010 година за вршење на енергетската дејност снабдување со електрична енергија на тарифни потрошувачи на мало за АД ЕЛЕМ Подружница “Енергетика“ - Скопје бр. 02 - 2938/1, од 28 декември 2009 година (“Службен весник на РМ“ бр. 157/09), се подразбира Тарифни ставови за потрошувачи на среден напон.

Член 33

(1) Со денот на отпочнување на примената на овој Тарифен систем престанува да важи Тарифниот систем за продажба на електрична енергија („Службен весник на СРМ” бр. 45/82, 15/85, 22/88, 29/89 и 47/89 и „Службен весник на РМ” бр. 26/92, и 24/99).

Член 34

(1) Овој Тарифен систем влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01- 196/1
27 јануари 2010 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров**, с.р.

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**247.**

Во Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 9 од 22 јануари 2010 година направена е техничка грешка, поради што се врши следната

### И С П Р А В К А
### НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Во членот 1 став 1 од Правилникот, по текстот „алинеја 1“, а пред текстот „се бришат зборовите:“ треба да стои текстот „и став 3 алинеја 1“.

Од Фондот за здравствено осигурување
на Македонија

## КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА

**248.**

Врз основа на член 7, член 10 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/05), а постапувајќи во постапката поведена по службена должност против РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО, Скопје, застапувано од XXX, управител, Сити Радио ДООЕЛ, Скопје, застапувано од XXX, управител и Клуб ФМ ДОО, Скопје застапувано од XXX, управител заради утврдување на постоење на забранет договор и/или договорна практика помеѓу претпријатија чија цел или последица е спречување, органичување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за рекламирање на радио станици на територијата на Град Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на ден 18.12.2009 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО, со седиште на бул. „Мито Хаџивасилев Јасмин“ бр.20, 1000 Скопје, Сити Радио ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр.20, 1000 Скопје и Клуб ФМ ДОО, со седиште на ул.Рилски Конгрес бр.22-А, 1000 Скопје во периодот од 10.02.2007 година до денот на донесување на ова Решение сториле повреда на член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата, на начин што преку заеднички маркетинг агенции за рекламирање – XXX (кои работеле единствено за потребите на овие радио станици и немале други клиенти чие рекламно време го нуделе и продавале), склучувале договори за заедничко рекламирање на клиентите за надомест определен во единствен износ и без определување колку чини рекламирањето на секоја поединечна радио станица, што како последица имало спречување, ограничување или нарушување на конкуренцијата на пазарот за рекламирање на радио станици на територијата на Град Скопје и кои согласно член 7 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата се забранети.

2. Им се наложува на РОС МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО, Сити Радио ДООЕЛ Скопје и Клуб ФМ ДОО, во рок од 30 дена од денот на правосилноста на ова Решение до Комисијата за заштита на конкуренцијата да доставaт доказ дека престанале со заедничкото рекламирање на клиенти за надомест определен во единствен износ и без определување колку чини рекламирањето на секоја поединечна радио станица.

3. Непостапувањето по точка 2) од диспозитивот на ова решение претставува прекршок согласно член 47 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Бр.07-42/27
18 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

**249.**

Врз основа на член 14, член 15 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка (“Службен Весник на Република Македонија” бр. 38/05), а постапувајќи по барањето на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола застапувано од XXX, управител поднесено против ЈП Комунална хигиена-Скопје, застапувано од полномошниците: XXX, адвокат од Скопје и XXX, диломиран правник вработен во ЈП Комунална хигиена-Скопје, заради утврдување на злоупотреба на доминантна позиција на пазарот за депонирање на отпад од територијата на град Скопје и од сите други места кои гравитираат кон градот Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на ден 18.12.2009 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје, со седиште на ул. 7 јули бр. 40, Скопје, согласно член 13 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата, има доминантна позиција на пазарот за депонирање на отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад (Службен весник на РМ бр.68/04, 107/07 и 143/08), гравитираат кон градот Скопје во однос на депонирањето на отпад, бидејќи Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје стопанисува со депонијата Дрисла, како единствена депонија на наведениот географски пазар;

2. Се утврдува дека Јавното Претпријатие „Комунална хигиена” – Скопје, со седиште на ул. 7 јули бр. 40, Скопје во периодот од 31.12.2006 година до 15.01.2007 година и во периодот од 10.06.2008 година до денот на донесување на ова Решение ја злоупотребило доминантната позиција од точка 1) од ова Решение, во смисла на член 14 став (2) точка 6) од Законот за заштита на конкуренцијата, на начин што неоправдано одбивало да му овозможи на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола за соодветен надомест пристап кон депонијата Дрисла, со што го оневозможило ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола да делува како конкурент на Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје на пазарот за собирање и транспорт на комунален отпад од територијата на Град Скопје и од сите други места, кои согласно начелото на блискост од Законот за управување со отпад, гравитираат кон градот Скопје;

3. Злоупотребата на доминантната позиција е забранета согласно член 14 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата;

4. Му се наложува на Јавното Претпријатие “Комунална хигиена” – Скопје:

- од денот на правосилноста на ова Решение, да му овозможи на ЕКО КЛУБ ДООЕЛ Битола за соодветен надомест пристап кон депонијата Дрисла и
- во рок од 30 дена од денот на правосилноста на ова Решение да донесе соодветни акти со кои ќе се утврдат на недискриминаторен начин начинот и условите под кои се овозможува пристап на трети лица кон депонијата Дрисла и истите во рок од 5 дена од денот на донесувањето да ги достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата;

5. Непостапувањето по точка 4) од диспозитивот на ова решение претставува прекршок согласно член 47 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Бр. 07-92/18
18 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

**250.**

Врз основа на член 14, член 15 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија” бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен Весник на Република Македонија” бр. 38/05 и 110/08), постапувајќи во постапката поведена по службена должност против Јавното комунално претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп, застапувано од XXX директор на Јавното комунално претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп, за утврдување на злоупотреба на доминантна позиција на пазарот на одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги на територијата на општина Прилеп, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на ден 18.12.2009 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека Јавното комунално претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп со седиште на ул. „Александар Македонски“ бр.22б, Прилеп, како единствено претпријатие кое на територијата на општина Прилеп ја врши комуналната дејност од јавен интерес - одржување на гробови, гробишта и давање на погребални услуги, согласно член 13 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата има доминантна позиција на овој пазар.

2. Се утврдува дека Јавното комунално претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп ја злоупотребува својата доминантна позиција од точка 1 на ова решение во смисла на одредбата член 14 став (2) точка 2) и 4) од Законот за заштита на конкуренцијата, на начин што наплатува надомест за солидарен погреб и погребална опрема со што ги ограничува пазарите на штета на потрошувачите и го условува користењето на средствата од солидарниот надомест за погреб со прифаќање од корисниците на услугата солидарен погреб на дополнителни обврски - плаќање на сметките за комунални услуги (смет), кои по својата природа не се во врска со користењето на услугата солидарен погреб.

3. Времетраењето на злоупотребата од точка 2) од ова Решение е од 25.01.2005 година, како ден на влегувањето во сила на Законот за заштита конкуренцијата, до денот на донесување на ова Решение.

4. Му се наложува на Јавното комунално претпријатие „КОМУНАЛЕЦ“ Прилеп да престане да наплатува надомест за солидарен погреб и погребална опрема по правосилноста на ова решение.

5. Непостапувањето по точка 4) од диспозитивот на ова Решение претставува прекршок согласно член 47 став (1) точка 3) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Бр.07-143/8
18 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

**251.**

Врз основа на член 20 став 1 точка 2 и член 26 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 04/05, 70/06 и 22/07) и член 205 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/05), постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Хеленик Петролеум СА, преку полномошник Адвокатско друштво Трпеноски од Скопје, Комисијата за заштита на конкуренцијата на седница одржана на ден 18.12.2009 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата помеѓу претпријатијата Хеленик Петролеум СА со седиште на Авенија Амалијас бр. 54 Атина, Грција и БП Хелас СА Оил Трејдинг, со седиште на Авенија Кифисијас бр. 26 и на ул. Парадису бр. 2 Марису, Атина Грција, преку стекнување на директна единствена контрола од страна на Хеленик Петролеум СА врз БП Хелас СА Оил Трејдинг, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците, и е во согласност со одредбите на Законот.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 28-а од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04 и 95/05) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840…03161, приходна шифра и програма 72231300 и при подигнување на решението да достави доказ за извршена уплата на административните такси.

Бр.07-435/5
18 декември 2009 година
Скопје

Претседател,
**Чедомир Краљевски**, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.

Претплатата за 2010 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2010013